МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 187
Мај 2025



Министерот Мисајловски на вежбата „Seven Stars 25“

Интервју со началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски

Одбележан Денот на 1.пбр

ISSN 1857-6710




# Министерот Мисајлово
# гости на вежбата

**Развојот на интероперабилноста во SEEBRIG значи побезбеден регион и посилна алијанса**

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, присуствуваше на Денот на високи гости на вежбата „Seven Stars 25“, која се реализираше во велешката касарна „Алексо Демниевски-Бауман“. Министерот порача дека ова е мултинационална вежба во која учествуваат шест држави и дека таа е исклучително значајна за нас како земја домаќин на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа. Воедно, министерот им честиташе на учесниците на Вежбата и на Командата на SEEBRIG предводена од командантот, бригадниот генерал Билбил Битри, за покажаниот врвен професионализам и високи стандарди во организацијата на една ваква комплексна вежба која вклучува компјутерски симулиран елемент и теренска вежба на армискиот полигон „Криволак“.

„Навистина ми е драго што повеќе од 200 луѓе директно учествуваат во оваа вежба и што можеме да видиме како заеднички се справуваат со сите несакани појави, но и како да се воспостави мир, што е многу важно. Ги поздравувам сите, навистина професионално изведено. Честитки до SEEBRIG, честитки до сите земји и учесници“, рече министерот.

На новинарско прашање поврзано со плановите за развој на одбраната и Армијата, министерот Мисајловски информираше дека континуирано се реализира процесот на опремување и модернизација на Армијата, споменувајќи дека годинава се очекува да се комплетира целата набавка на возила „JLTV“, да пристигнат оклопните возила „Stryker“, како и против воздушните системи „Mistral“ и артилериските системи „Boran“. Мисајловски



# ски на Денот за високи „Seven Stars 25“

потврди дека се работи на надминување на правните предизвици поврзани со набавката на хеликоптери и дека е избрана компанија која ќе дава правни совети во овој процес. Тој додаде дека се одвојуваат значителни средства и за реконструкција на објекти на Армијата, вклучувајќи ги и објектите на подрачните единици, како и средства за набавка на нови униформи и чизми за припадниците на македонската армија. Генералот Лафчиски, пак, порача дека интероперабилноста помеѓу сите учесници на Вежбата е на завидно ниво, оценувајќи ја за успешно реализирана. Лафчиски информираше дека 90 проценти од учесниците на теренскиот дел од вежбата се припадници на Вториот баталјон од Првата пешадиска бригада на Армијата.

На денот за високи гости во велешката касарна присуствуваа и заменичката на министерот, Елфет Исмаили, заменикот на началникот на Генералштабот, генералот Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството, Елизабета Чуповска-Ристова, директорот на Генералштабот, генералот Орце Јордев, командантот на Командата за операции, генералот Мирче Ѓоргоски и командантот на Командата за обука и доктрини, генералот Лулзим Нуредини.

Вежбата „Seven Stars 25“ ја организира Командата на Бригадата секоја втора година. Оваа година во активностите се вклучени над 200 припадници на SEEBRIG, а целта е извежбување на НАТО процедури и постапки за развој на интероперабилноста и постапките за команда и контрола. Оваа вежба придонесува кон зацврстување на мирот, безбедноста и соработката во регионот и ја демонстрира подготвеноста на Бригадата за извршување мултинационални операции за поддршка на мирот. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија


Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов


Редакција:

Умит Рецепи
(технички уредник)


м-р Ксенија Митева (лектор)


Борче Лозановски (новинар)


Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит


16


18

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 187 | мај 2025

Интервју
**со началникот на ГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски** ........ 6

Инфо
**Одбележување на Денот на Командата за обука и доктрини (КОД)** ........ 14

Вооружување
**Транспортен хеликоптер „КАМАН К-МАХ“** ........ 16

Воена едукација
**Иднината на воените комуникации** ........ 22

Глобал
**Насилниот екстремизам и тероризмот – комплексен безбедносен проблем** ........ 24

Глобал
**Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност** ........ 28

Геополитика
**„Зајакнување на европската одбрана, реална потреба и нова трка во вооружување“** ........ 32

Вооружување
**Крстосувачки проектили** ........ 38

Воена едукација
**Бајонет – помеѓу челикот и огнот (втор дел)** ........ 40

Воена историја
**Операција „Морски лав“** ........ 48

Здравство
**Микробиологијата во улога на заштита на воеciveното здравство** ........ 52

Спорт
**Достојна презентација на АРМ во Емен – Светски зимски воени игри CISM 2025 година** ........ 56

Уметниците и војната
**Крсто Хегедушиќ** ........ 59


32


46

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# ВОВЕД

*Министерството за одбрана и Армијата, како гарант на безбедноста на нашата држава, продолжуваат по зацртанатa линија со сè позабрзано темпо, остварувајќи ги целите и задачите кон кои се стремиме и кои се исправени пред нас, со цел иако сме мала држава, да станеме сериозен фактор во колективниот безбедносен систем на НАТО.*

*Еден од тие гаранти е и Првата пешадиска бригада како столб на безбедноста и гордост на Армијата . Во духот на традицијата, храброста и воениот професионализам, Првата пешадиска бригада на Армијата на Македонија ја одбележа својата годишнина , настан што буди гордост, сеќавања и благодарност за сите оние кои со особена чест служеле под нејзиното знаме. Оваа бригада претставува клучна компонента на копнените сили. Со организациона структура што опфаќа повеќе единици распоредени низ државата, таа е симбол на сила, мобилност и постојана подготвеност за дејствување, како дома така и надвор во меѓународните мисии. Изминативе години припадниците на Бригадата учествувале во бројни мировни мисии, на здружени вежби со армиите на сојузничките земји и во ангажмани за поддршка на цивилните институции, особено во моменти на природни непогоди и кризни ситуации. Секогаш први кога е потребна помош, секогаш присутни кога е потребна сигурност.*

*Прославата на годишнината е одлична можност да се истакнат постигнувањата, да им се оддаде почит на ветераните, да се наградат заслужните и да се покаже борбената готовност преку демонстрации и вежби. Таа е доказ дека со дисциплина, пожртвуваност и љубов кон татковината, можеме да изградиме армија која ја заслужува довербата на народот. Честит празник на сите припадници на Првата пешадиска бригада.*

*Во овој број читателите ќе имаат прилика да го прочитаат и интервјуто со началникот на Генералштабот на Армијата на Македонија, генерал-мајор Сашко Лифчиски кој, помеѓу другото, го истакнува и сериозниот и одлучен пристап за опремување и модернизација на Армијата .*

*Овој месец министерот за одбрана Владо Мисајловски имаше обраќање во Собранието пред членовите на Парламентарното собрание и порача дека НАТО алијансата не постои само за да ги одбрани надворешните граници на земјите членки, туку и за да ги заштити заедничките вредности кои се дел од нашите општества.*

*Освен темите од областа на вооружувањето, во овој број ќе можете да прочитате и еден интересен текст за настан од илинденскиот период – за битката кај врвот Готен т.н. „Крвавиот велигден“, битка која е редок пример за борба во повеќе прстени.* ■

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



## генерал-мајор Сашко Лафчиски

# Сериозен и одлучен пристап кон опремување и модернизација на Армијата

**Господине генерал, подолго време го договаравме ова интервју. Почетните замисли за интервјуто беа многу поинакви, но трагичниот настан кој се случи во Кочани остави длабоко траги кај сите нас. Знаеме дека Армијата беше вклучена во справувањето со последиците од овој настан. Што поточно беше Вашата задача?**

Ова е со сигурност најтраорниот настан кој воопшто се случил во нашата татковина од нејзиното осамостојување. Јас не верувам дека има човек, овде мислам на целиот регион, кој длабоко не беше погоден од овој настан. За ова може да потврдат и бројните пораки кои дојдоа лично до мене, не само за изразување сочувство, туку и за поддршка, која верувајте, во вакви моменти ни беше многу потребна. Овие пораки за солидарност и поддршка ни дадоа дополнителна сила да ги пребродиме тешките моменти.

Кога станува збор за Армијата, ние се вклучивме во справување со последиците веднаш откако дознавме за настанот. Бевме свесни дека во вакви ситуации на масовно повредени лица и масовни жртви, Армијата ќе мора да земе учество за да се справи со последиците. Подоцна стигна барањето од Центарот за управување со кризи, со кое од нас беа побарани соодветни капацитети за поддршка на цивилните и локалните институции. Согледувајќи ја ситуацијата, а пред сè поради потребата од координација со различни институции во вакви кризни ситуации во кои има големо темпо на промени, ние, веднаш, на ниво на Армијата во Генералштабот, формиравме оперативен центар со припадници на Генералштабот на Армијата. Да бидам конкретен, ние имаме изработено стандардни оперативни процедури за делување во вакви ситуации, односно процедури за ангажирање на Армијата за поддршка на институциите на државата и на локалната самоуправа во мирновременски услови. Следно, во рамките на Кризниот штаб, кој беше формиран во Кочани, ние имавме свој претставник со којшто ги координиравме нашите активности.



Во целата оваа ситуација за справување со последиците предизвикани од пожарот во Кочани, Армијата се вклучи со над 140 припадници од својот состав, со потребен број моторни возила и материјално-технички средства, а беше обезбеден и воен хеликоптер со обезбедени полетувачки-слетувачки платформи на повеќе локации во државата. Следно, Армијата имаше и значајна улога во координацијата на странската медицинска поддршка, односно на воздухопловите, во најголем дел воени воздухоплови од: Република Бугарија, Република Србија, Република Турција, Република Грција, Романија, Луксембург, Република Австрија, Република Италија, Република Словенија, Република Полска, Кралството Шведска, Република Финска, Република Хрватска и Република Унгарија, со кои беа транспортирани околу 100 повредени лица.

Сакам лично да им се заблагодарам на сите странски воени претставници кои ја понудија својата несебична и навремена поддршка, со што придонесоа нашите пациенти да бидат навремено пренесени во реномирани здравствени центри. Верувајте, благодарејќи на нивната солидарност, ние успеавме да спасиме многу животи.

Во овој контекст, сакам да го нагласам значењето на меѓународната соработка, не само во рамките на НАТО и ЕУ, туку и за градење добрососедски односи кои се клучни во вакви ситуации.

**Вие, како началник на ГШ на Армијата, бевте поканети на состанокот на началници на генералштабови кој се организираше во рамките на Парискиот одбранбен и безбедносен форум. Дали може да споделите одредени заклучоци од овој состанок, кој предизвика голем интерес од јавноста?**

Секако, интересот на светската јавност за Украина не започна на 24 февруари 2022 година, кога Русија изврши неиспровоцирана агресија над оваа земја. Интересот на светската јавност датира од многу поодамна во историјата, дури и пред 2014 година, односно пред руската окупација на Кримскиот Полуостров. Како и да е, од 24 февруари 2022 година светот интензивно е заинтересиран за состојбата во Украина.

Состанокот, на кој бев поканет како началник на Генералштабот, се реализираше во рамките на Парискиот одбранбен и безбедносен форум, а беше во организација на началниците на генералштабовите на Франција и Обединетото Кралство. Целта на состанокот беше да се презентираат заедничките размислувања на организаторите.

Самата покана за учество на Армијата на овој форум за нас е значен сигнал, бидејќи ние како Армија сме веќе препознаени во нашите намери за регионална безбедност. Сакам да наведам дека ние секогаш се залагаме за мир и искрено се надевам дека во блиска иднина ќе се стави крај на конфликтот во Украина и притоа ќе се создадат услови, како што ние војниците милуваме да речеме, за траен мир, а со ова повторно на стариот континент ќе завладее безбедност, сигурност и хармонија.



**Оваа година, всушност, само пред еден неполн месец, го одбележавте членството на нашата држава во НАТО. Каков е нашиот придонес во Алијансата?**

Со нашето членство во НАТО ние само го продолживме патот по кој претходно се движевме. Нашето полноправно членство во НАТО, всушност е остварување на долгогодишниот сон кој започна во далечната 1992 година, кога беше донесен првиот официјален акт за започнување на постапката за зачленување на нашата држава во НАТО. Овој пат не беше нималку лесен. Во историјата на Алијансата нема ниту една друга земја која направила толку многу отстапки за да стане нејзина членка. Сепак, со јасна и решителна визија, на 27 март 2020 година, ние и официјално станавме членка на најмоќната алијанса во историјата, нешто што бараше многу труд, посветеност и работа.

За жал овогодинешното одбележување на 5-годишнината од приемот на нашата земја во НАТО помина во знакот на болката и сочувството кон 61-та жртва во страотниот пожар во Кочани. Но, во оваа прилика мора да нагласам дека солидарноста и поддршката која ја добивме од голем број наши сојузници беше навистина бесценета. Исто така, мора да ја истакнам и улогата на нашата земја во рамките на НАТО Алијансата и нашето влијание врз регионалната и светската безбедност. Нашите сили активно учествуваат во рамките на НАТО мисиите. Македонското знаме со гордост се носи во составот на истурените сили на Источното крило на НАТО во Романија, Бугарија и Летонија. Во овие мисии, ние, рамо до рамо со нашите сојузници ја покажуваме нашата решителност да го браниме суверенитетот и територијалниот интегритет на сите наши сојузници, во согласност со Концептот за одвраќање и одбрана на Алијансата.

Нашата армија активно учествува и во мисијата за асистенција и поддршка на Украина, првично со учество во Меѓународниот координативен центар за донации во рамките на Стратегиската група за поддршка на Украина, во СР Германија, а од 2024 година мисијата се трансформира како новоформирана организациска единица на НАТО, директно потчинета на SHAPE. Дополнително, нашите припадници се распоредени и во мисијата КФОР на Косово, заедно со останатите земји членки на НАТО, каде секојдневно се грижиме и придонесуваме за регионалната безбедност, мирот и стабилноста.

Во оваа прилика, иако не се НАТО мисии, сепак, како суштински ќе ги напоменам и операциите во кои нашата армија активно учествува со свои припадници, а се предводени од Европската Унија и Обединетите нации. Станува збор за операцијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина и за операцијата УНИФИЛ во Либан.

**Веќе подолго време слушаме за процесот на модернизација во Армијата. Од каква важност е овој процес и на што поточно се однесува?**

Видете, она за што вие ме прашувате е опремување и модернизација, значи не е само модернизација, туку и двете, опремување и модернизација. Опремувањето и модернизацијата се неопходен процес во трансформацијата на Армијата. Ова е од голема важност за комплетирање/доизградба на веќе постоечките, како и за развој на новите способности и капацитети на Армијата. Овој процес бара сериозен и одлучен пристап, не само на армиско ниво или на ниво на Министерството за одбрана, туку и на државно ниво. Тоа е една од причините зошто буџетот за одбраната на годишно ниво достигна 2% од бруто-домашниот приход во 2024 и во 2025 година, од кои над 30% се наменети за модернизација. За остварување на опремувањето и модернизацијата би сакал да ја напоменам и поддршката од нашите стратешки партнери во аквизициските процеси, изразена преку различни програми и договори во согласност со нашите приоритети и потреби.



Во моментов најголем приоритет во опремувањето и модернизацијата има Лесната пешадиска баталјонска група (ЛПБГ), што е во согласност со НАТО целите на способности и со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности. Според утврдените развојни планови, оваа единица се опремува со средства и опрема кои ќе обезбедат подобрување и развој на: способности за изведување на операции во различни теренски и временски услови, способности за распоредливост, транспорт и побрзо снабдување, способности за маневар, огнена моќ, мобилност на единиците и противоклопна борба, соодветна заштита на персоналот со современа индивидуална борбена опрема, инди-

видуални и колективни способности за заштита од атомско, биолошко и хемиско оружје, но и развој на капацитети за извидување/детекција од употребата на ова оружје и деконтаминација од истото. Исто така, значајни се капацитетите за разузнавање, извидување, капацитетите за противвоздушна одбрана, инженериска борбена поддршка и останати.



Би сакал да напомнам дека дел од опремата е веќе пристигната во нашата армија. Конкретно, дел од лесните оклопни возила – Joint Light Tactical Vehicle (JLTV), се веќе во нашиот состав. Припадниците кои ги имаат задолжено овие возила веќе и ги употребуваат, а претпоставувам дека и сте ги виделе при изведување на вежби, тактичко-технички збор и слично. Исто така, дел од индивидуалната опрема, како што е опремата за АБХО заштита, лична индивидуална опрема, лично вооружување, се веќе пристигнати и распоредени во нашите единици.

Сакам да нагласам дека поголемиот дел од опремата, конкретно остатокот од лесните оклопни возила „JLTV", „STRYKER", артилериските системи, системите за ПВО, очекуваме да стигнат во нашата држава до крајот на оваа година, со што ќе заокружиме голем дел од процесот за опремување и модернизација. Мора да напомнам дека опремувањето и модернизацијата се постојан процес. Како што нагласив претходно, опремувањето и модернизацијата се поврзани со целите на способности кои ги презедовме од НАТО и ДПРОС, но воедно претставува и одговор на современите предизвици кои произлегуваат од моменталната и брзо променлива констелација на односите во светот, пред сè на современите начини на војување.

## Идната година е клучна година, година во која треба реално да покажеме дека дел од зацртаните цели ги оствaруваме плански и навремено. Овде мислам на оценувањето на Лесната пешадиска баталјонска група. Каков е Вашиот став за ова?

Иако овој предизвик изгледа многу комплексен, сакам да наведам дека ова не е нешто ново за нас. Можеби е ново затоа што е прво оценување на единица која ја формираме и опремуваме од овој домен, но оценувањето и планирањето на оценувањето за нас не е нешто ново и непознато. Всушност, Армијата е постојано во процес на оценување на дел од нејзиниот состав. Во конкретниов случај за ЛПБГ, во рамките на Армијата постојат соодветни планови кои ние доследно ги следиме и ги исполнуваме. Секако дека ова е сложен процес. Притоа, би напомнал дека паралелно со опремата која пристигнува, ние вршиме и обука на персоналот за соодветна употреба на истата. Следно, како подготовка за оценувањето, е тоа што ќе земеме учество на соодветни вежби, на кои година дена пред оценувањето ќе увидиме до каде сме стигнати. Вежбата „Брз одговор 25", односно „Immediate response 25", која ќе се реализира во нашата земја за нешто повеќе од еден месец, со учество на повеќе од 2200 лица, од кои 1200 од нашата Армија и 1000 лица од странски вооружени сили, ќе има цел да се подготвиме за оценувањето на ЛПБГ. Вежбата „Saber Junction 25", која ќе се реализира во СР Германија, е уште една активност на која ќе се согледаат оперативните способности на ЛПБГ.

Ова се само дел од поважните активности за наредната година, поврзани со остварувањето на способноста на ЛПБГ како клучна цел во поблискиот период. Во таа насока, ние сме целосно посветени на овој процес и интензивно работиме на сите нивоа, за да се осигураме дека персоналот е соодветно обучен, опремата е интегрирана и дека процедурите се усогласени со НАТО стандардите. Јас сум цврсто уверен во успешното оценување на ЛПБГ, кое ќе биде уште еден доказ за нашиот професионализам и посветеност кон остварувањето на зацртаните цели на НАТО алијансата.

## Кој е Сашко Лафчиски приватно?

Многу е тешко да зборуваш за себе, но ќе се обидам да го изнесам она што навистина го чувствувам. Се сметам за човек од народот, кој секогаш бил, е, и ќе остане добар пријател, родител и сопруг. Негувам голема љубов кон татковината и кон униформата, а лојалноста кон државата и службата ја носам како принцип во животот. Искрено ги ценам семејните вредности и се трудам слободното време да го поминувам со семејството и со пријателите. Во оние ретки моменти кои ги имам само за себе, наоѓам задоволство во едноставни активности. ■



# ПРВАТА ПЕШАДИСКА БРИГАДА – НАЈГОЛЕ

Под мотото „Чест и сила“, и оваа година, четиринаесетта по ред, беше одбележан Денот на Првата пешадиска бригада (1. пбр). Одбележувањето беше во касарната „Страшо Пинџур“ на 2 април, денот кој со одлука на претседателот на Република Македонија и врховен командант на АРМ е одреден за Ден на 1.пбр и како датум на кој оваа единица ги презема задачите и одговорностите на двете поранешни бригади, со што стана најголемата борбена единица со застапеност од повеќе армиски родови.



На настанот присуствуваа министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, генерали во Армијата, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, пратеници од Собранието, поранешни команданти на единицата, воени аташеи, претставници на локалната самоуправа, институциите со кои соработува единицата и други гости.

Пишува: Борче Лозановски



# Одбележан Денот на 1. пбр

борбена единица во македонската Армија. Таа е колевка на слободарските традиции од НОБ, но и единица чии високи критериуми и стандарди во обуката се посветено и напорно градени низ повеќе трансформации. Станува збор за главната борбена сила на Армијата, која обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка на цивилното население при природни катастрофи, епидемии и други непогоди. Покрај тоа, Бригадата е дел од операции во странство предводени од НАТО, ОН и ЕУ, и со своите припадници активно придонесува за зачувување на безбедноста, стабилноста и мирот.

Нејзините зачетоци се од формирањето на Армијата на Република Македонија во 1992 година. Тогаш беа формирани 11. пбр и 13. пбр, кои ги продолжуваат традициите на 14. македонско-младинска народноослободителна ударна бригада и на Кичевско-мавровскиот партизански одред, единици кои во својот славен борбен пат имаат учествувано во ослободувањето на градовите долж течението на

потоа и 13. пбр, во согласност со НАТО стандардите беа трансформирани во Прва и Втора пешадиска бригада. Со одлуката за целосна професионализација на Армијата во 2005 и 2006 година, двете пешадиски бригади се трансформираа во Прва и Втора механизирана пешадиска бригада, за во 2012 година да се фузираат во една, наречена Прва механизирана пешадиска бригада. Во 2019 година, пак, врз основа на одлуката на врховниот командант, во новата организациско-формациска поставеност за организациско-формациски промени во Армијата, оваа единица се трансформира во Прва пешадиска бригада, во чии рамки денес има шест баталјони:

Прв пешадиски баталјон – учествува во мировни операции и во многубројни вежби во земјата и во странство, за што персоналот има добиено бројни награди и одликувања. Членовите на овој баталјон се оспособени и за справување со елементарни непогоди на територијата на државата.

Втор пешадиски баталјон – учествува во мировни операции и веж-

## ЕМАТА ВОЕНА ФОРМАЦИЈА ВО АРМИЈАТА

Во таа пригода, на припадниците од составот на 1.пбр, кои изминатиов период беа распоредени во мировни мисии, им беа доделени НАТО медали, а триесетина други членови на Бригадата беа наградени со стимулативни мерки. Дополнително, беше прогласена и најдобрата единица во Бригадата, признание кое оваа година го доби Втората чета од 2. пешадиски баталјон. Покрај тоа, командантот на 1.пбр, генералот Чиплаковски, во знак на одличната соработка и придонесот во градењето на борбената готовност и обученоста на единицата, на министерот за одбрана и на началникот на Генералштабот на Армијата им врачи Плакета со логото на единицата.

Првата пешадиска бригада од составот на Командата за операции (КО) е најголемата и најмоќна

реката Брегалница, градот Скопје, Западна Македонија и крвавиот Сремски фронт. Подоцна, прво 11. пбр во 2000 година, а две години

би во земјава и во странство. На денот на КО е прогласен за најдобар баталјон во Армијата. Баталјонот е декларирана единица која претста-



вува главна компонента на Лесната пешадиска борбена група.

Трет пешадиски баталјон – освен во многубројни мировни операции, во повеќе наврати беше вклучен во асистенција на цивилните структури при справување со елементарните непогоди во Тетовскиот и во Скопскиот Регион. Баталјонот, со Указ на претседателот на Македонија е одликуван со Орден за воени заслуги.

Артилериски баталјон – како единица со најголема огнена моќ во Армијата, во својот состав има подготвен и обучен персонал во согласност со бараните НАТО стандарди за обезбедување огнена поддршка на единиците на Армијата. Единицата е опремена и со софистицирана опрема за набљудување, коректура и насочување на оган, како и со современа телекомуникациска опрема. Според потребите единицата, овој баталјон е вклучен и за обезбедување на јужната граница, за поддршка на институциите и на граѓаните во справување со елементарни непогоди.

Инженериски баталјон – единствена единица во Армијата која обезбедува борбено-инженериска поддршка на единиците при изведување операции за одбрана и заштита на државниот и



територијалниот интегритет, поддршка на мирот преку хуманитарни операции во странство, како и општа инженериска поддршка на владини и невладини организации. Од 2015 година Баталјонот е одликуван со Орден за воени заслуги од претседателот на Република Македонија.

Баталјон за борбено-сервисна поддршка – има задача да дава борбено-сервисна подршка на единиците од составот на 1.пбр при извршувањето на редовни задачи, како и задачи кои произлегуваат од прогласени кризни состојби на подрачјето на Македонија. Баталјонот ги опслужува касарните каде што се стационирани единиците на 1. пбр. Дополнително, ги поддржува и останатите единици на Армијата, но и локалната самоуправа, државните институции и бројни невладини организации. Баталјонот е одговорен за одржување на потребното ниво на исправност на целокупната техника на Првата пешадиска бригада. ■






# „Спортот обединува, пријателство преку спортот, спорт за сите“

Станка Петкова

По повод 5 години членство на НАТО и Денот на Генералштабот на Армијата, 28 Март, во Спортскиот центар „ Борис Трајковски “ во Скопје се одржаа спорски игри во футсал и кошарка кои траеја два дена под мотото „Спортот обединува, пријателство преку спортот, спорт за сите“.

Спортските натпревари започнаа со оддавање почит за жртвите во Кочани. На овие спортски игри зедоа учество екипи од: Армијата и Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за спорт, Бригадата за Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ) и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје . Натпреварите поминаа во пријателски и спорски дух. Видовме квалитетни и борбени натпревари од страна на сите учесници. На крајот беа прогласени најуспешните екипи на спортските натпревари во футсал и кошарка, настан кој беше во организација на Армијата на Република Македонија.

На најдобрите им беа врачени пехари од страна на министерот Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин и директорот на Генералштабот, бригаден генерал Орце Јордев.

На натпреварите во футсал, првото место го освои екипата на Армијата, второто место ѝ припадна на екипата на Министерството за внатрешни работи, додека третото место го заседе екипата на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. За најдобар голгетер беше прогласен Новица Костадиновски, а за најдобар голман Филип Лазаревски.

Во кошарка 3х3 , најдобра беше екипата на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, второпласирани беа припадниците на Армијата, а третото место го освои екипата на Министерството за внатрешни работи. За најдобар играч беше прогласен Карло Блажевски од екипата на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. ■






# Одбележување на Денот на Командата за обука и доктрини (КОД)

Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, со воена свеченост се одбележа 15 Април – Денот на КОД. Командата за обука и доктрини (КОД), е носител на традицијата на пристигнувањето на првиот регрут на отслужување на воениот рок во македонската армија.

На свеченоста присуствуваа началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили, заменик-началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, генерали во Армијата и МО, пензионирани генерали, поранешни команданти на КОД, воено-дипломатскиот кор, градоначалници од зоната на одговорност, претставници од локалната самоуправа, претставници на верските заедници и други гости.



Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во своето обраќање истакна дека со приемот на првиот македонски регрут пред 33 години на овој ден, започна да се гради македонската армија, симболизирајќи го почетокот на создавањето на нашите вооружени сили.

Генералот Лафчиски, издвојувајќи ги поважните активности кои ги реализираше оваа команда, меѓу кои Конференцијата на европските центри за обука, вежбите „SEVEN STARS 25“ и „Maple Arch 24“, за кои беа добиени високи оценки и признанија, претставуваат само потврда на тоа што досега беше многупати покажано на дело, дека припадниците на КОД имаат знаење и капацитет во целост да ги реализираат доделените задачи кои произлегуваат од мисијата на Командата.

Генералот Лафчиски ја истакна важноста на функционирањето и понатамошниот развој на армискиот полигон „Криволак“, како приоритет на Армијата и Министерството за одбрана, кој со навремено идентификување на потребите во текот на изведување на вежбите и активностите, како и интензивна соработка со нашите стратешки партнери, ќе стане значаен европски полигон за обука со капацитети и можности да прими единици со јачина од бригада плус.

Командантот на КОД, бригаден генерал Лулзим Нуредини, во своето обраќање се осврна на реализираните задачи во изминатиот период, воедно посочувајќи ги претстојните активности: обука на новопримените професионални војници, курсот за подофицери, курсот за офицери за служба во Армијата, како и поддршката на меѓународната вежба „Immedieate response 25“. Генералот Нуредини нагласи дека КОД ќе продолжи да биде симбол на посветеност, вештини и партнерство, водејќи се според своето мото „Секоја вештина бара усовршување“.

Во рамките на свеченоста беа доделени и НАТО медали за будност, стимулативни мерки на припадници на КОД за постигнатите резултати во работењето, благодарници на организации и поединци со кои соработува Командата, како и дипломи на екипите кои учествуваа во спортските натпревари организирани по повод Денот на единицата.

Дополнително, на победниците на ликовниот и поетскиот конкурс, организиран во соработка со основните училишта „Рајко Жинзифов“ во Оризари и „Тодор Јанев“ во Чашка, им беа доделени соодветни признанија и награди. На настанот беше прочитана и најдобрата поема, а беа изложени и цртежи од учениците од основните училишта во Велес. Свеченоста беше збогатена и со показна вежба со службени кучиња од Центарот за одгледување и дресура, кој е дел од КОД. ■

# Мисајловски на Парламентарното собрание на НАТО

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, во македонското Собрание им се обрати на членовите на Парламентарното собрание на НАТО, со порака дека НАТО алијансата не постои само за да ги одбрани надворешните граници на земјите членки, туку и за да ги заштити заедничките вредности кои се дел од нашите општества.

Пред премиерот Христијан Мицкоски, делегацијата од Собранието, предводена од пратеникот Драган Ковачки и членовите на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание, предводени од претседателот Маркос Перестрело, министерот за одбрана, Мисајлоски, истакна: „НАТО не е само сојуз на демократии, НАТО е идеал кој се темели на тоа дека само ако сме заедно и здружени, можеме да го одбраниме и зацврстиме нашиот начин на живот во кој секој граѓанин е еднаков, а слободите по секоја основа се гарантирани„ Кога целата нација беше во шок, првите повици за сочувство, но и солидарност и поддршка дојдоа токму од моите колеги-министри за одбрана од сојузничките земји. А, за мене, нема поголем доказ дека не сме сами. Ние имаме 31 сојузник, имаме вистински пријатели на кои можеме да им се обратиме за помош. Тоа е НАТО. Тоа е сојузништво. Тоа е нераскинливата врска која од 32 земји во Алијансата прави една обединета сила.“

Министерот се осврна и на безбедносните предизвици со кои се соочува континентот, како и на потребата од континуирано вложување во одбраната. Нашата држава одвојува 2 проценти од бруто-домашниот производ и речиси една третина од тие средства се за модернизација и опремување на Армијата.

Парламентарното собрание на НАТО е мултилатерална организација, суштинска врска помеѓу НАТО и парламентите на земјите членки, придонесувајќи кон зацврстувањето на трансатлантските вредности на Алијансата. Парламентарното собрание е составено од 281 делегат, од 32 земји членки на НАТО, делегати од партнерските земји, од парламентарните собранија на ОБСЕ и Советот на Европа, како и делегати од Европскиот парламент. ■



# Членови на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на НАТО во посета на Армијата

Делегација, составена од членови на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на НАТО, во рамките на посетата на нашата земја, во месец април ја посети Армијата на Република Македонија. Посетата започна во касарната „Илинден“ во Скопје, каде што делегацијата беше пречекана од началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Лафчиски, министерот за одбрана Мисајловски, претставници од Собранието, генерали во Армијата, високи претставници на Министерството за одбрана и Армијата.

Постојаниот комитет е највисокото раководно тело на Парламентарното собрание на НАТО. Парламентарното собрание на НАТО е мултилатерална организација која воспоставува суштинска врска меѓу НАТО и парламентите на земјите членки, придонесувајќи на свој начин кон спроведувањето на трансатлантските вредности на Алијансата. Собранието е составено од: 281 делегат од 32 земји членки на НАТО, делегати од асоцијативни земји членки, регионални партнери, медитеранските асоцијативни земји членки, парламентарни набљудувачи од други земји и од парламентарните собранија на ОБСЕ, на СЕ и делегација од Европскиот парламент.



За време на посетата во касарната „Илинден“ беше презентирана дел од опремата со која располага Армијата и беа изведени показни вежби со кои се прикажа обученоста на припадниците на Армијата при изведување комплексни сценарија. Средбата продолжи во Домот на Армијата во Скопје, каде пред присутните се обрати генералот Лафчиски, осврнувајќи се на трагичниот настан во Кочани во кој животот го загубија многу недолжни млади граѓани и нагласи дека ваквите ситуации ја потенцираат потребата од подобра подготвеност, посилна соработка и поголема отпорност – вредности кои претставуваат основа на националната одбрана и на нашето членство во НАТО. Генералот истакна дека нашето членство во НАТО останува темел на стабилноста и безбедноста на нашата држава во време на сè покомплексни безбедносни предизвици.

„Оваа годишнина е потсетување дека нашето место во Алијансата е резултат на повеќедецениски труд, а нашата иднина е изградена на принципите на колективна одбрана, солидарност и соработка“ додаде генералот Лафчиски за време на посетата. ■

# Транспортен хеликоптер „KAMAN K-MAX“

Хеликоптерот „KAMAN K-MAX“ е проектиран како едномоторен, едносед, транспортен хеликоптер, специјализиран за носење (траспорт) на надворешен товар. Карактеристично кај леталото е техничкото решение со два главни ротори кои се меѓусебно поврзани. Оваа техничка изведба во западната инженериска терминологија се нарекува „synchropter“. Според корисниците, „K-MAX“ е многу добар и издржлив транспортен хеликоптер, релативно ев-




тин за експлатација. Пилотите кои ракуваат со „K-MAX“ се задоволни со неговите летачки карактеристики, леснотијата на неговото користење, големата видливост и маргините на моќност, а механичарите ја ценат неговата пристапност, едноставната конструкција и леснотијата на одржување. Во основа, хеликоптерот е проектиран да поседува едноставна и цврста конструкција во облик на буквата „V“, која се изработува од алуминиумски легури. Вака изведената тенка конструкција со надоле спуштениот нос, широко поставените стојни трапови (трицикл) и големите плексиглас стакла поставени на кокпитот, му овозможуваат на пилотот голема прегледност. Бочните плексиглас стакла служат и како врати на кокпитот, а по потреба можат да се извадат. Носот на хеликоптерот има оддели во кои се сместени акумулатор, реле и авионика, а обезбедува и пристап до предниот стоен трап. Кокпитот на леталото е опремен со пилотско седиште кое има можност да издржи големи Г-оптоварувања, а заради безбедност ја апсорбира енергијата во 5 точки. Контролната табла во кокпитот е опремена со класични авиоинструменти, но од левата страна, надворешно од кокпитот, е поставен и помал панел со класични инструменти кои на пилотот му овозможуваат константно визуелно следење на ситуацијата при товарење/истоварување и транспорт на товар. Управувачките команди на леталото се конвенционални, а на пилотот му овозможуваат изведување на сите неопходни функции (безбедно товарење, транспорт и истоварување), без пуштање на контролните палки. Зад пилотската кабина од двете страни на конструкцијата има големи трапезоидни панели кои обезбедуваат приод до внатрешниот багажен (товарен) простор од 0.73 $m^3$, во кој може да се понесе товар од 226 kg. Преку овој простор се овозможува и полесен приод до делови од трансмисијата, до системот за контрола на летот и до гумениот резервоар за гориво кој е сместен веднаш под просторот за багаж. „K-MAX“ поседува два контраротирачки ротори, секој опремен со по две елиси што се вкрстуваат, монтирани на два столба, еден до друг, така што вртежниот момент на реакцијата се поништува, односно роторите се движат со две вратила (раздвоени под агол од 25°) кои се поврзани преку една трансмисија. Ваквата техничка изведба на роторите ја анулира потребата од вградување мал ротор за стабилизација на опашката.

На централниот долен дел од трупот е поставен системот на товарната шина со карго кука, кој на куката и овозможува да се движи лево/десно низ стомакот на леталото, зголемувајќи ја стабилноста на товарот. Заоблената патека по која се движи куката за товар е дел од силно зајакната структура која обезбедува постојано и сигурно кревање на товарот. Товарната кука е поставена на челична сајла со должина од 31 m и може да подигне товар со тежина од 2.722 kg. По потреба, леталото за гасење пожар може да понесе ведро за вода или специјализиран монтажен резервоар за вода кој се поставува на трупот (заедно со хидраулична пумпа), со капацитет од 2.650 литри. Опашката на леталото е опремена со хоризонтални стабилизатори, монтирани на секоја страна, кои се составени од хоризонтална површина и вертикални стабилизатори монтирани на надворешниот раб на секоја од нив. Склопот на задниот дел од опашката е опремен со вертикален стабилизатор, управувачко кормило и браник на опашката. Кратката опашка содржи елементи за монтирање на предавател од компас, VOR-антена, GPS-антена и задно позициско светло. Како погон во хеликоптерот „K-MAX“ се вградува еден турбо вратилен мотор T5317A-1, со моќност

**Пресек на „K-MAX“**

1. Преден стоен трап (се ротира 360°)
2. Питот-цевка
3. Акумулатор
4. Куќиште за електрониката
5. Инструментална табла за пилотот
6. Резервоар за масло за трансмисијата
7. Ладилник за моторното масло
8. Резервоар за моторното масло
9. Редуктори
10. Редуктор од погонот
11. Погонска оска
12. Носечки ротор (вкупно 2)
13. Погон „Honeywell T5317A-1“ со моќност од 1800 кс
14. Композитна елиса



Пишува: Ивица Дамески




од 1.800 кс, кој е поставен хоризонтално, зад трансмисијата, со помош на систем за монтирање со четири точки. Секоја од четирите потпори извршува специфични функции и затоа ниту една не е сосем иста. Корисници на хеликоптерите „K-MAX“ се Маринскиот корпус на САД и различни цивилни служби во светот, а од компанијата „Lockheed Martin“ е развиена беспилотна верзија (со ознака CK-24A), која во Авганистан успешно изведе над 1900 мисии. ■

15. Серво-флапс на елисата, наменет за зголемување на узгонот (управуван од пилотот)
16. Вертикален стабилизатор
17. Кормило по правец
18. Хоризонтален стабилизатор/кормило за височина
19. Вертикален стабилизатор
20. Конструкција на трупот
21. Простор за сместување багаж, опрема или алат со капацитет од 0.73 $m^3$
22. Заден стоен трап
23. Помошно надворешно седиште
24. Самозаптивачки гумен резервоар за гориво од 865 литри
25. Транспортна кука со носивост од 2.270 kg
26. Седиште на пилотот

| Тактичко-технички карактеристики на „K-MAX“ | |
|---|---|
| Екипаж | 1 пилот |
| Должина со ротор | 15.83 m |
| Должина на трупот | 12.73 m |
| Височина | 4.244 m |
| Широчина на трупот со ротори | 15.67 m |
| Широчина на трупот со стоен трап | 3.827 m |
| Дијаметар на роторите | 14.73 m |
| Тежина, празен | 2.334 kg |
| Максимална полетна тежина | 5.443 kg |
| Погон | 1 мотор Honeywell T5317A-1, со моќност од 1.800 кс |
| Максимална брзина | 185.2 km/h |
| Брзина со надворешен товар | 148.2 km/h |
| Плафон на лет | 4.600 m |
| Палафон при земјен ефект | 8.016 m |
| Капацитет на гориво | 1 вграден резервоар од 865 литри |
| Долет со внатрешно гориво | 494.5 km (без товар) |
| Долет со надворешен товар | 396.3 km |
| Носивост | 3.109 kg |
| Надворешна носивост со кука | 2.722 kg |
| Време на летање | 2 часа и 41 минута |




# „M10 Booker“ – копнено борбено возило на САД

*Возилото е наменски направено за IBCT – Infantry Brigade Combat Teams на Армијата на САД, за да им обезбеди одлучувачка смртност, мобилност и преживување.*



Пишува: Идриз Идризоски

Борбеното возило „M10 Букер“, претходно познато како мобилна заштитена огнена моќ (MPF), е високо смртоносно, мобилно јуришно копнено пешадиско возило за директна огнена поддршка, дизајнирано и развиено од страна на компанијата „General Dynamics (GD) Land Systems“, деловна единица на воздушната и одбранбената компанија „General Dynamics“.

Армијата на САД го доби своето прво возило „M10 Букер“ во април 2024 година.

Во текот на следните две години, Армијата ќе го подложи „M10 Букер“ на серија тестови за да се осигура дека ги исполнува бараните стандарди, неопходни за да се испорача способност од светска класа на војниците ангажирани на боиштата ширум светот.

Возилото беше наменски направено за борбените тимови на пешадиската бригада на Американската армија (IBCTs), за да им обезбеди одлучувачка смртност, мобилност и опстанок, со надградени способности на бојното поле со повеќе домени.

## Временска рамка за развој на борбено возило „M10 Букер“

Компанијата „GD Land Systems“ победи на натпреварот MPF на Армијата на САД, за да обезбеди подобрена огнена моќ на борбените тимови на Пешадиската бригада на Американската армија IBCT во јуни 2022 година.

Армијата на САД го доби договорот откако успешно тестираше и оцени 24 прототипови на возилото„MPF“ во фазата на брза









изработка на прототипови од средно ниво за време на пандемијата КОВИД-19.

Во јули 2023 година, Армијата на САД и додели на компанијата „GD Land Systems“ модификација на договорот во вредност од 258 милиони долари, за втората фаза од почетното производство на борбеното возило „М10 Букер“ со ниска стапка (LRIP -Low-Rate Initial Production) .

Договорот вклучува производство на уште 26 возила „М10 Букер“.

Целното поле за првата опремена единица се очекува во 2025 година, со вкупно четири баталјони Mobile Protected Firepower, платформи планирани да бидат распоредени до 2030 година.

Во јуни 2023 година, Армијата објави дека платформата на возилото е именувана за да им оддаде чест на двајцата армиски војници кои несебично служеа за Армијата на САД во време на големи конфликти: добитник на Медал на честа, војник Роберт Д. Букер, кој загинал во Втората светска војна и примател на „Distinguished Service Cross“, наредник Стевон А. Букер, кој починал од повреди здобиени во операцијата „Слобода на Ирак“.

## Плановите на Армијата на САД за платформите MPF – Mobile Protected Firepower

Армијата на САД планира да создаде баталјон MPF на ниво на дивизија. Секоја од четите на MPF се состои од 64 членови оклопен екипаж и 24 војници за одржување на флотата на оклопни возила и тие ќе бидат распределени во борбените тимови на пешадиската бригада IBCT. Армијата на САД се очекува да купи 504 борбени возила „MPF“ до 2035 година, доделувајќи 14 MPF-платформи за секој борбен тим на пешадиската бригада IBCT.

## Дизајн и карактеристики на возилата „М10 Букер“

„М10 Букер“ е нов оклопен лесен тенк од 38 тони, произведен врз основа на главниот борбен тенк „M1A2 Abrams SEPv3“.

Овие возила на IBCT им нуди можност ефикасно да таргетираат и да уништуваат утврдувања, бункери, згради и оклопни возила, од лесно до средно ниво, и на сегашните и на идните боишта.

Помалата тежина на борбеното возило го прави попреносливо и повеќе маневрирачко во различни средини.

Возилото има автономија на опсег од максимум 560 километри и максимална брзина од 64 км на час и две возила може да се транспортираат по воздушен пат со „C17“.

# *Посета на Командата за операции*

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во кумановската касарна „Боро Менков“ ја посетија Командата за операции на македонската армија – команда во чиј состав функционираат сите видови на родови и служби во Армијата. За време на посетата министерот доби брифинг за активностите на Командата, како и за следните планови за развој. Министерот Мисајловски рече дека е горд на припадниците и на единиците кои се дел од Командата и додаде дека тие се вистински пример за професионализмот во Армијата и за посветеноста кон безбедноста и сигурноста на граѓаните. „Министерството ќе продолжи посветено да работи за поддршка на развојот на Армијата, особено во процесот на модернизација и опремување“, порача министерот на заедничката средба.



Освен министерот Мисајловски и началникот на Генералштабот, генералот Лафчиски, Командата за операции ја посетија и заменикот на началникот, генералот Азим Нуредин и директорот на Генералштабот, генералот Орце Јордев, кои беа пречекани од командантот на Командата за операции, бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски. Во структурата на Командата за операции функционираат Првата пешадиска бригада, Воздухопловниот ВИНГ, Баталјонот на Воената полиција, Баталјонот за врски, Извидувачко-разузнавачкиот баталјон, Баталјонот за специјални сили и Четата за атомска, биолошка и хемиска одбрана. ■




Може да работи 24 часа надвор од рампата или по пристигнувањето во зоната за истоварување по воздушен пат. „М10 Букер“ е способен да минува низ стрмни ридови, долини, урбан терен и има длабочини на пробивање како што се другите органски возила во IBCT.

Возилото „MPF“ е управувано од екипаж од четири лица и е дизајнирано за надградба на способноста, врз основа на идните оперативни барања.

## Вооружување и самозаштита

Возилото се одликува со топ од голем калибар, лесен труп и купола и подобрен термички прегледувач. Архитектурата на куполата се заснова на системите за контрола на огнот „Abrams SEPv3“, со топ од 105 мм.

Примарното вооружување за борбеното возило вклучува основно оружје: тенковски топ од 105 мм „М35“, коаксијален митралез од 7,62 мм и тежок митралез 12,7 мм „HMG Browning M2“.

Дополнително, на отворот од командирот на возилото е поставен тежок митралез од 12,7 мм.

Возилото е опремено со Safran Optics 1 PASEO, командирски независен тактички прегледувач. Борбеното возило обезбедува панорамски нишан од долг дострел и зголемена свесност за ситуацијата на командирот и на членовите на екипажот во сите борбени сценарија.

Возилото „MPF“ има дополнителни оклопни панели и заштита од импровизирани експлозивни направи под возилото, заедно со докажана преграда за муниција за дополнителна безбедност на екипажот.

## Мотор и мобилност

Борбеното возило се напојува со дизел-мотор „MTU 8V 199 PowerPacks“, обезбедувајќи 600 kW. Моторот се одликува со висок сооднос сила-тежина и хидропневматската суспензија може да им обезбеди на војниците извонредна брзина и маневрирање преку земја.

Интегрираниот „PowerPack“ вклучува мотор, менувач, систем за ладење, филтрација на воздухот, енергетски систем, опрема за предзагревање, управување со енергија и друго.

Возилото е опремено со систем за пренос со вкрстен погон 3040 MX™, кој е дизајниран да ги поддржува функциите за погон, управување и

сопирање на борбените возила-гасеничари од средна категорија.

Системот може да прими понови контролни платформи во иднина, овозможувајќи напредок во перформансите во текот на животниот циклус на борбеното возило.

### Вклучени изведувачи во проектот

Компанијата „Allison Transmission“, производител на решенија за автоматски менувач, го снабдува системот за пренос на возилото.

На компанијата и е доделен договор во вредност од околу 13 милиони долари за втората фаза од договорот LRIP за борбеното возило „M10 Booker“ во септември 2023 година.

Во октомври 2023 година, компанијата „Rolls-Royce“ го испорача првиот мотор „MTU 8V 199 PowerPack“ за програмата за оклопни борбени возила „M10 Booker“.

Компанијата ќе испорача до 96 мотори, како дел од договорот LRIP за возилото „M10 Booker“.

Останатите спецификации на борбеното возило „M10 Booker“ се:
- тип на возило: копнено борбено возило;
- производител: „GD Land Systems“;
- тежина: 34 тони;
- јачина на мотор: 600 kW;
- посада: 4 лица;
- вооружување: топ 105 mm, MG 12,7 mm, MG 7,62 mm;
- автономија на опсег: 400-560 km;
- максимална брзина на пат: 64 km/h;

Армијата на САД го претстави своето најново борбено возило „M10 Booker“ на 18 април 2024 година, за време на церемонијата на полигонот за тестирање на борбени возила и системи во Абердин, Мериленд, САД. Возилото „M10 Booker“ претставува нова, модернизирана способност за армијата, дозволувајќи им на лесните маневарски сили да ги надминат противниците.

82. воздушна дивизија во Форт Либерти ќе биде првата единица која првично ќе оперира и ќе го тестира „M10 Booker“, почнувајќи од крајот на 2024 година. Во текот на следните неколку години, баталјоните „Mobile Protected Firepower“ ќе бидат распоредени во Форт Џонсон, Форт Кембел, Форт Либерти и во Националната гарда, гарантирајќи дека лесните пешадиски формации ќе ја имаат способноста што им е потребна за борба. ■



# Елизабета Чуповска-Ристова и Варнс во посета на АП„Криволак“

Државниот секретар во Министерството за одбрана, Елизабета Чупоска-Ристова, заедно со заменикот шеф на мисијата на САД, Никол Варнс, беа во посета на Армискиот полигон „Криволак“.

За време на посетата, командантот на АП „Криволак“, потполковник Горан Кимов, брифираше за најголемиот македонски армиски полигон, за капацитетите и можностите што ги нуди овој полигон, во насока на зајакнување на одбранбените капацитети. Во оваа пригода беше истакната големата поддршка од САД, што придонесе за развој на АП Криволак на кој македонските припадници и голем број припадници од други сојузнички земји имаат можност да ја развиваат интероперативноста меѓу армиите преку изведување на повеќе видови вежбовни активности.

После брифингот и двете делегации искажаа задоволство од соработката, а во исто време беше искажана подготвеност и желба за нејзино зголемување, покрај другото, и со изградба на уште помодерен и пофункционален полигон.

Настанот беше заокружен со посета на стрелиштето на полигонот „Криволак“. ■





# ИДНИНАТА НА ВОЕНИТЕ КОМУНИКАЦИИ



м-р Реџеп Мустафовски

Иднината на воените комуникации се очекува да биде длабоко трансформирана преку напредни технологии како што се вештачката интелигенција (AI) и машинското учење (ML), како и 5G, квантната криптографија, и сателитски мрежи од новата генерација. Овие технологии ќе донесат поголема брзина, сигурност и безбедност на комуникациските системи, значително подобрувајќи ја борбената готовност и ефикасноста на тактичките единици.

## Како ќе се подобри борбената готовност:

1. Побрза и посигурна комуникација. Со воведувањето на 5G и сателити со мала орбита (LEO), ќе се обезбедат побрзи и поефикасни комуникации, со значително намалено доцнење. Ова ќе овозможи моментална размена на информации на глобално ниво, што ќе ги подобри тактичките реакции во реално време.
2. AI и ML во комуникациите. Вештачката интелигенција и машинското учење ќе бидат интегрирани во идните системи за комуникации за:
   - предвидување на закани: AI ќе може да анализира податоци од различни извори и да предвиди потенцијални ризици, овозможувајќи им на единиците да реагираат предвреме;
   - автоматско рутирање на комуникации: AI ќе ги оптимизира комуникациските мрежи за да обезбеди најсигурни и најефикасни канали за пренос, дури и во услови на воено мешање;
   - самообновливи мрежи: AI ќе ги контролира комуникациските мрежи автоматски да се приспособат и да се обноват во случај на нарушувања или напади.
3. Употреба на квантна криптографија: квантната технологија ќе обезбеди непробојна криптографија за заштита на критични воени комуникации, со што ќе се минимизира ризикот од пресретнување или сајбер-напади.
4. Сателитски системи со висока резолуција и мала орбита (LEO): Овие сателити ќе обезбедат поголема брзина и достапност на сателитските комуникации, особено во оддалечени и тешко достапни терени.

## Влијание врз начинот на војување:

1. Мрежно-центрирано војување: идните комуникации ќе ја зајакнат концепцијата на мрежно-центрирано војување, каде што сите единици ќе бидат поврзани преку интегрирани мрежи, овозможувајќи координирани напади, подобро ситуациско разбирање и брза размена на податоци.
2. Автономни системи: вклучувањето на AI и ML ќе овозможи интеграција на автономни дронови и роботски системи кои ќе комуницираат во реално време со човечките единици, подобрувајќи ја ситуациската свесност и зголемувајќи ја ефективноста на нападите и на одбранбените операции.
3. Поголема безбедност и отпорност: сајбер-безбедноста ќе биде клучна компонента на идните комуникациски системи. Со употреба на квантна криптографија и AI-управувани заштити, воените комуникации ќе станат поотпорни на електронско војување и сајбер-напади.
4. Поавтоматизирани операции: Воените операции ќе се автоматизираат благодарение на напредни алгоритми, со што ќе се намали времето на реакција и ќе се зголеми прецизноста на нападите. AI-системите ќе обезбе-

дат интелигентни предлози за тактички маневри, базирани на анализа на податоци во реално време.

## Интеграција на AI и машинско учење:

1. Анализа на податоци во реално време: AI ќе биде вклучен во анализа на големи количини на податоци добиени од сензори, дронови, и сателити, овозможувајќи им на единиците да добијат интелигентни информации за тактичкото поле.

2. Превенција и предвидување на напади: AI ќе овозможи автоматизирано следење на сајбер-закани и ќе предвиди можни напади врз комуникациските системи, обезбедувајќи превентивни мерки.

3. Интелигентни дронови и автономни системи: Автономните дронови ќе се интегрираат во мрежите, обезбедувајќи разузнавачки податоци во реално време и автономно управување со мисии, што ќе го промени начинот на изведување на воените операции.

Во блиската иднина, воените комуникации ќе бидат многу побрзи, посигурни, автоматизирани и отпорни, а интеграцијата на AI и ML ќе игра клучна улога за обезбедување на сигурни врски, предвидување на закани и подобрување на борбената ефикасност. Овие технологии ќе ја редефинираат стратегијата и тактиката на војување, со што ќе овозможат поавтоматизирани и прецизни операции.

## Споредување на сегашните и идните комуникации

Табелата бр.1 демонстрира јасна разлика помеѓу сегашните и идните технологии на комуникација во воените операции. Идните технологии, со својата брзина, сигурност и интеграција на напредни алатки како AI, ќе доведат до значителен напредок во борбената готовност и до ефикасност на тактичките единици.

– **Сегашни комуникации**

Сегашните воени комуникации се базираат на традиционални технологии како што се VHF (Very High Frequency), UHF (Ultra High Frequency) и HF (High Frequency) радиосистеми. Овие технологии нудат основни функционалности за пренос на глас и податоци, но со ограничена брзина и капацитет. Сигурноста се обезбедува со основна криптографија, но системите се подложни на електронско мешање и напади. Ситуациската свесност, во голема мера зависи од рачното собирање и размена на информации, што може да доведе до забавувања во реакцијата на единиците. Ограничената достапност на мрежа во оддалечени области дополнително ги ограничува можностите за комуникација.

– **Идни комуникации**

Идните воени комуникации ќе бидат значително подобрени преку напредни технологии како што се 5G, сателитски мрежи од мала орбита (LEO), и квантна криптографија. Овие технологии ќе овозможат високи брзини на пренос на податоци (до 10 Gbps) и глобално покривање, што ќе ги елиминира ограничувањата на сегашните системи. AI и машинското учење ќе бидат интегрирани за автоматизирана анализа на податоци, предвидување на закани и оптимизација на комуникациските канали. Идните системи ќе обезбедат висока сигурност и отпорност на мешање, овозможувајќи побрзи и поефикасни реакции во реално време. Ова ќе доведе до зголемена борбена готовност и ефективност на тактичките единици.

Во табела бр.1 е претставена споредба помеѓу сегашниот начин на технологија и технологии на комуникација во воените операции и идните начини на комуникација, заедно со проценти на успех:

| Карактеристика | Сегашни технологии | Идни технологии | Процент на успех (%) |
|---|---|---|---|
| Брзина на пренос на податоци | До 3 Mbps (системи како VHF/UHF) | 5G (до 10 Gbps) и сателитски LEO | 70% |
| Сигурност | Основна криптографија | Квантна криптографија | 90% |
| Достапност на мрежа | Ограничена (особено во оддалечени области) | Глобално покритие (сателити и 5G) | 85% |
| Ситуациска свесност | Рачно собирање и размена на информации | Автоматизирана анализа на податоци | 80% |
| Интеграција на AI/ML | Минимална или никаква | Интегрирана во сите комуникациски системи | 95% |
| Отпорност на мешање/напад | Средна (лесно подложна на мешање) | Висока (паметно управувани мрежи) | 90% |
| Автономни системи | Ограничени на човечка контрола | Автономни дронови и роботи | 75% |
| Ефикасност во командувањето | Бавно и бирократско | Брзо и динамична | 80% |
| Интероперабилност | Ограничена, со различни системи | Стандарди за интеграција | 85% |

## Објаснување на процентите на успех:

– **Од 70% до 95%** проценти на успех се утврдени врз основа на споредба на ефективноста на сегашните технологии со потенцијалните подобрувања кои ќе се постигнат со идните технологии.

– **Идните технологии** нудат значителни предности во однос на сегашните технологии, особено на полето на брзина, сигурност и ситуациска свесност, што значи дека воените операции ќе бидат поефикасни и поотпорни на закани. ■




# НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗМОТ – КОМПЛЕКСЕН БЕЗБЕДНОСЕН ПРОБЛЕМ



Пишува: д-р Ненад Танески

Денес, светот сè повеќе се соочува со проблемот и појавата на милитантниот екстремизам и тероризмот. Во светските медиуми секојдневно се изветува за влијанието на екстремистичките организации кои влијаат врз младата популација, за нивното регрутирање и вклученост во терористички акти. А, токму младите се најранливата категорија на население којашто треба да биде подготвена да им оддолее на политичко-екстремистичките манипулации. Во општества каде што младите не се заштитени и не се организирани, тие повеќе се подложни на влијанието на екстремизмот, кој ги уништува традиционалните вредности на националната култура. Тогаш има тенденција на пораст на неформални младински групи и здруженија, меѓу кои најалармантни се оние со екстремистичка ориентација. Овие здруженија помагаат да се развијат ставови кај младите кои ги негираат културните вредностите на едно општество.

Екстремизмот како феномен го проучуваат не само безбедносно-разузнавачките агенции, туку и голем број стручни лица, вклучувајќи политиколози, социолози, филозофи, правници. Станува збор за сложен општествен проблем кој се манифестира хибридно, во хетероген состав, преку идеологии на организации кои ја практикуваат оваа противзаконска активност која ја загрозува безбедноста на државата. Екстремистичките организации за да ги остварат своите цели ги нарушуваат традиционалните основи на општеството, дејствувајќи против одредени целни групи или индивидуалци, прекршувајќи ги моралните стандарди однесувајќи се неморално. Тие дејствуваат деструктивно, насочени кон создавање на криза во општеството и предизвикување страв. Демократско право на граѓаните за јавни протести, штрајкови, медиумски кампањи и слично, во обид на демократски начин да се обидат да постигнат одредени социјални, политички, економски и други промени не треба да се меша со екстремизмот.

Екстремистичките основи најчесто потекнуваат од маргиналните слоеви на општеството, привлекувајќи ги своите следбеници со ветување за различни придобивки. Резултатите

од таквата активност се секогаш незаконски, а нивната цел е сепак да и наштетат на државата и нејзините граѓани. Оттука, екстремизмот е вид на криминална активност која се рефлектира преку дистрибуција, складирање и создавање информации од екстремистичка природа, употреба на тие информации во виртуелна средина, со цел да се изврши притисок врз населението или власта, со посредство на физичко или психичко насилство.

Екстремизам (од латинскиот „екстремен“, „прекумерен“) значи посветеност на екстремни ставови, методи на дејствување. На екстремизам се подложни и поединци и организации. Меѓу политичките екстремистички дејства може да се вклучат предизвикување немири, терористички акти, герилска војна.

Терор на латински значи „страв“, „ужас“. Тероризам е војна без правила, војна без линија на фронтот, сурова и нечовечка, бидејќи главниот напад на непријателот е врз цивилното население. Тероризмот нема етички или морални граници. Терористите не одбираат средства за да ги постигнат своите цели. Напротив, за да привлечат максимално внимание кон себе и да сеат паника кај населението, тие го зголемуваат обемот на своите дејства и се стремат кон што поголем број жртви.

Феноменот на екстремизмот, а посебно милитантниот екстремизам кој преминува во тероризам, е проблем за современото глобално општество, загрозувајќи ги животите на луѓето.



Како едно од најтешките прашања на денешницата, социо-политички проблем, е тоа што, за жал, младите луѓе се тие коишто се најподложни на овие влијанија и лесно можат да се приклучат во редовите на екстремистичките и терористичките организации. Тие лесно можат да бидат изманипулирани за остварување на целите на различни екстремистички групи преку влијание на различни фактори како што се: социјални, политички, економски, религиозни, па дури и секојдневни проблеми од животот. Дел од причините и состојбите кои предизвикуваат екстремистичко однесување:

– промена на вредносните во општеството;
– социјална нееднаквост;
– намалување на авторитетот на безбедносните субјекти, одговорни за спроведување на законот;
– масовна дистрибуција и достапност на алкохол и дрога;
– негативното влијание на медиумите кои инспирираат и мотивираат прибегнување кон насилство и криминал;
– виртуелните интернет мрежи и медиуми, кои на екстремистичките организации им даваат пристап до пошироката публика и можност за објавување детални информации за нивните цели и задачи.

Младите лица се голема општествена група со специфични социјални и психолошки карактеристики. Младите генерации, поради недостаток на вештини, секогаш не се отпорни за решавање на конфликтни ситуации. Превенцијата и спречувањето на екстремизмот кај младите е една од приоритетните задачи во делот на образованието, но и на општеството во целина. Тоа е комплициран социо-психолошки, но и безбедносен проблем во современи услови, релевантни и апликативни на глобално ниво за голем број држави во светот. Во таа насока, спречувањето на екстремизмот треба да се спроведува во следните области:

– блиска интеракција помеѓу образовните институции и родителите;
– подобрување на квалификациите на наставниот кадар по ова прашање;
– вклучување во едукативната програма на теми поврзани со превенција од насилен екстремизам кој води кон тероризам;
– спроведување на едукативни програми поврзани со превенција од криминал, насилство и бездомништво;



– овозможување и достапност на културните добра за младите лица;
– согледување на потребата од самореализација и самоизразување;
– организација на слободни активности за студентите (волонтерски проекти, социјални програми).

Поддршката на националните и културните традиции во образовните институции го спречуваат развојот на екстремизмот на национална основа. Ефективноста на спречувањето на екстремизмот директно зависи од јасното и правилно разбирање на овој комплексен општествен феномен. За да се разбере, потребно е, пред сè, да се знае значењето и содржината на концептот на екстремизмот. Екстремизмот претставува посветеност на поединци или групи на екстремни ставови и дејства кои се насочени против законските и политичките права и слободи на граѓаните. Под превезот на патриотски идеи, екстремистите поттикнуваат непријателство помеѓу луѓето од различни националности, религии или општествени групи. И, секако, агресијата е основата на екстремизмот. Екстремизмот се доживува само како политички феномен, но тоа не е сосем точно. Во основата на сите екстремистички движења е омразата. Омразата може да биде насочена против владата, против луѓе со различна боја на кожа или пол, против луѓе од различна религија, против богати или сиромашни, против навивачи или спортски тим, дури и против светот и животот на човекот.

Деструктивниот светоглед на екстремизмот има неколку одредени, а обично мошне предвидливи движечки предуслови за негово создавање. Пред сè, тоа е возраста на потенцијалната личност која треба да се регрутира, потоа конфликтите во семејството, економската положба, објавите на страниците на социјалните мрежи со сцени на насилство, употреба на оружје, записи кои ја негираат вредноста на животот и општеството. Младите луѓе кои не се социјализирани во општеството, се пронаоѓаат себеси на социјалните мрежи и во виртуелниот простор. Анализата на психолошките карактеристики на личноста која е регрутирана во одредена екстремистичка организација, за подоцна да прибегне кон извршување на терористички напади, е важен момент во проучувањето на психолошките основи на современиот тероризам.

Во 70-тите години на минатиот век, психолозите почнаа сериозно да го проучуваат милитантnite екстремистички организации и описот на личноста на извршителите на терористички акти и почнаа да разработуваат методи за помош за жртвите и стратегиии за превенција на терористички напади. Социјално-демографска компонента се разликува кај дел од извршителите на терористички акти, во смисла на полот, возраста, образованието, материјалните услови, професијата, брачниот статус и други општествени карактеристики. Од особена важност е кривично-правната компонента, односно криминалното досие и искуството стекнато при извршување на терористички дејства. Наведените показатели го откриваат психолошкиот портрет - идентитетот на терористот.

Лицата коишто ќе подлегнат на милитантната екстремистичка идеологија, генерално се класифицирани како шизофреници, садисти, фанатици, личности со недостатоци, маченици за остварување на идејата/идеолошката матрица. Меѓутоа, пред сè, неопходно е да се нагласи дека терористите не се патолошки индивидуи со некакви забележителни ментални нарушувања, а идејата дека извршителите на терористички акти се необразовани и примитивни личности, исто така е неточна. Сепак, однесувањето на извршителите на терористички акти обично претставува очигледно девијантно однесување, кое на еден или друг начин неизбежно вклучува некоја патолошка компонента.

На крајот на XX и почетокот на XXI век, милитантниот екстремизам и тероризмот станаа глобален феномен. Западните демократски држави претрпеа значителни човечки и материјални загуби, и се соочија со вистинска закана за територијалниот



интегритет. Борбата против тероризмот треба да биде национален напор во вистинска смисла на зборот, и затоа е потребно активно учество на сите институции во општеството. Денес терористичките напади се темелно планирани и подготвувани, терористичките групи од различни земји соработуваат меѓу себе и ги координираат нивните чекори. Идеолошкото влијание на терористичките и екстремистичките организации најпрво е насочено кон младите луѓе на возраст од четиринаесет до триесет години, кои поради идеолошки и психолошки карактеристики се лесно подводливи на екстремистичките идеи и се способни дополнително да ги надополнуваат редовите на терористичките структури.

Дополнително објаснување за овој феномен дава академската заедница. Мотивите за тероризам можат да бидат политички и идеолошки, односно за постигнување специфични цели во политичката борба или во борбата за некоја идеја. Мотив може да биде и желбата за стекнување на материјални добра, заобиколувајќи го правниот поредок. Најлесна група за регрутација се младите луѓе, кои се инфицираат со идеологијата на милитантните екстремистички организации. Тука спаѓаат и луѓето со сè уште неоформени животни принципи и недостаток на животно искуство, ментално болните луѓе, луѓе со сериозни психолошки проблеми кои имаат ниска самодоверба, кои не ги прифаќаат општествените норми, луѓе кои немаат јасни животни цели, кои не сакаат да работат или да студираат, кои претпочитаат да го поминуваат времето без работа, барајќи начин да дојдат до лесни пари и не се грижат за последиците од нивните постапки. Младите кои прибегнуваат кон насилство, сакаат да влијаат на светот, кој според нив, е неправедно структуриран. Најголем дел од извршителите на криминално-терористички акти во западните демократии се млади лица, кои со своето однесување отстапуваат од општоприфатените, најраспространетите и воспоставените норми во заедницата во која живеат.

Денес, предмет на внимание на различни екстремистички групи кои се доста активни стануваат социјалните медиуми. Како параван за оправдувањето на потребата за примена на насилни методи и средства за остварување на нивните цели, милитантните екстремистички организации, преку социјалните медиуми ги злоупотребуваат универзалните човечки вредности. На следното скалило по екстремистичките активности се наоѓа појавата на тероризмот.



Мерките за превенција на екстремизмот треба да се фокусирани на соработка во целото општество. Тие треба секогаш да го одразуваат заедничкото разбирање за спречување на екстремизмот, дизајнирани да го вклучат општеството како целина. Тука треба да се вклучени експерти од науката, граѓанското општество и органите на прогонот, охрабрени да ги анализираат различните аспекти на екстремизмот и тероризмот како комплексен и предизвикувачки општествен феномен, со предлози за различни превентивни пристапи.

Македонската влада во 2023 година ги усвои националните стратегии за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, проследени со акциски планови, 2023 – 2027 година. Изработката на стратешките документи беше водена од страна на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борбата против тероризмот, а имајќи предвид дека насилниот екстремизам и тероризмот се комплексни безбедносни проблеми кои не познаваат граници, култури, религии или етнички групи, во изработка на докуметите беа вклучени различни општествени чинители. Активна улога зедоа претставници на државните институции, верските заедници, академската заедница, граѓанскиот сектор и медиумите. Главниот фокус е ставен на спречувањето на радикализацијата која води кон тероризам, јакнење на институционалните капацитети за борба против овие појави, во контекст на безбедноста, стабилноста и просперитетот на државата и граѓаните, почитувајќи ги основните човекови права и слободи, пропишани во домашното и во меѓународното право. Преку координирани активности, кои спречуваат, заштитуваат, извршуваат и одговараат на рана идентификација и откривање на факторите кои придонесуваат за радикализам, екстремизам и насилни активности во форма на тероризам или терористички активности, се обезбедува и се промовира сигурна, безбедна и просперитетна држава.

Од исклучителна важност е одговорните лица во образовните, социјалните и здравствените институции, полицијата, религиозните лидери и сите други кои во извршувањето на своите должности и активности стапуваат во директен, често и секојдневен, контакт со граѓаните, да бидат свесни за значењето и манифестацијата на одредени состојби во општеството. Способноста да се препознаат раните показатели за радикализација врз основа на промените во однесувањето, изгледот и разни други промени во околината, како и показателите за можни терористички активности, може да бидат од клучно значење за запирање на процесот на радикализација на некое лице или за спречување на можен акт на тероризам. ■




# ПРИДОНЕСОТ НА ПРИВАТНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ АКТЕРИ КОН МЕЃУНАРОДНИОТ МИР И БЕЗБЕДНОСТ

Пишува: м-р Ксенија Митева

Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност, главно може да се анализира низ призмата на нивниот ангажман, иницииран од страна на меѓународните организации за чување на мирот, пред сè од ООН. Во тој контекст, улогата на овие актери во меѓународните мировни операции, генерално се сведува на извршување на т.н. споредни, пред сè логистички и други услуги за нивна поддршка (The Privatisation of Peacekeeping: Prospects and Realities, Disarmament Forum, United Nations Institute for Disarmament Research, Geneva, No.3)

Главната причина за ангажирање на приватни безбедносни актери за чувар на мирот произлегува од политичките, финансиските и институционалните ограничувања со коишто се соочуваат ООН и другите меѓународни организации задолжени за меѓународниот мир и безбедност. Всушност, националните влади честопати се јавуваат како корисници на услугите на приватните воени и безбедносни компании, од причина што ангажманот на нивните вооружени сили во странство подлежи на разни политички и нормативни ограничувања. Покрај тоа, персоналот во овие компании најчесто го сочинуваат високопрофесионални личности со соодветно воено искуство, што им овозможува адекватно и успешно справување со безбедносните ризици и закани во новото опкружување. Ова е значајно поради тоа што ваквата карактеристика често е дефицитарна кај традиционалните мировни сили на ООН. Од финансиски аспект, исто така, постојат ограничувања и намалување на капацитетите на ООН за мировни мисии, споредено со 90-тите години на 20 век.

Исто така, постои варирање на бројк на ангажирани војници од страна на ООН во операции за чување на мирот во текот на последната декада од минатиот век. Имено, од 10.000 ангажирани војници во 1989 година, бројот се зголемува на 70.000 војници во 1995 година, но тој драстично се намалува во 1998 година на 19.000 војници ( Lilly, D.,2000: The privatization of security and peace-building: a framework for action, International Alert, p.17).

Во однос на потребата за адекватен човечки потенцијал за учество во мировни мисии во последниве две декади, токму приватните воени и без-

бедносни компании се перцепираат како соодветен извор на човечки ресурси. Меѓу другото, и поради сѐ поголемиот број жртви на цивили и хуманитарни работници кои се ангажирани во рамките на мировните мисии. Оттука произлегува и потребата да се посвети поголемо внимание, како на нивната безбедност така и на безбедноста на неопходната инфраструктура за нормално функционирање на мисиите. Денес ангажманот на приватните воени и безбедносни компании најчесто се поврзува токму со реализирањето на оваа активност. Успехот на ваквата улога е детерминиран од нивната тесна соработка со локалните безбедносни сили и со мултилатералните мировни сили. Тоа практично значи дека наспроти високото ниво на нивната професионалност, тие не може да претставуваат и единствен контрибутор на успехот во меѓународните мировни мисии.

Покрај тоа, значајната улога на овие компании произлегува и од аспект на потребното време за испраќање и распоредување на неопходните капацитети за да се спречи избивање или ескалација на вооружено насилство. Имено, се смета дека нивниот ангажман може да се реализира многу побрзо, во контекст на специфичните потреби во конкретни ситуации, кога е неопходен брз одговор од страна на ООН. Меѓу другото, и поради честите критики на адреса на ООН за нејзината институционална бавност и ограничувања при испраќањето и распоредувањето на т.н. традиционални мировници.

Првиот чекор на овој план е направен во 1998 година, кога од страна на тогашниот генерален секретар на ООН беше истакната можноста за ангажирање приватна безбедносна компанија во одвојувањето на борците од бегалците во бегалските кампови во Руанда ( Speech given by the Secretary-General at DitchleyPark, United Kingdom, 26 June 1998).

Сепак, наспроти одредени предности на приватните безбедносни субјекти во однос на традиционалните мировни сили на ООН, не треба да се занемари фактот дека Советот за безбедност при ООН е единствениот




орган што е надлежен за овластување на мировните мисии. Оттука произлегува дека капацитетите и придонесот на приватните воени и безбедносни компании кон меѓународниот мир и безбедност се директно детерминирни од политичките одлуки во рамките на ООН. Покрај тоа, отворена е и дилемата поврзана со нивната непристрасност во ангажираните кризни и конфликтни региони. Имено, имајќи предвид дека финансискиот аспект претставува главниот и единствен мотивирачки фактор за прифаќање на нивните ангажмани, неминовно се поставува прашањето за нивното однесување при евентуална повисока финансиска понуда од некоја од завојуваните страни. Во таа насока, значаен предизвик при нивното ангажирање претставува и почитувањето на меѓународните правила и норми на војување, а посебно начинот и условите за употреба на воена сила.

Од друга страна, позитивните искуства од придонесот на приватните воени и безбедносни компании во текот на 90-тите години на минатиот век, пред сѐ во Ангола и во Сиера Леоне, имаат дводимензионален ефект. Имено, тие иницираа јакнење на свеста за потребата од еден посовршен меѓународен систем за одржување на меѓународнот мир и безбедност, а паралелно со тоа иницираа јакнење на довербата во нивната работа и дејствување. Значајно унапредување на вториот аспект продуцираше и одлуката на Владата на САД за ангажирање на приватната компанија „DynCorp" (подетални информации за оваа компанија се достапни на http://www.dyn-intil.com), како поддршка за нејзиниот придонес кон мисијата на ОБСЕ во Косово во 1998 година. Сепак, и во овој случај, ангажманот на компанијата е директно детерминиран од политичката волја и одлука на Владата на САД.

Затоа, употребата на приватните воени и безбедносни компании во меѓународните и во регионалните мировни мисии претставува алтернатива и опција, пред сѐ за креаторите на политиката, како на национално така и на меѓународно ниво. ■



# Првата пешадиска б



# бригада во Армијата



# „ЧЕСТ И СИЛА“



# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ОДБРАНА, РЕАЛНА ПОТРЕБА И НОВА ТРКА ВО ВООРУЖУВАЊЕ



Пишува: д-р Златко Кузманов

Сведоци сме на тектонски промени кои во блиска иднина ќе влијаат на европската одбранбена и безбедносна структура. Новата администрација на САД, предводена од претседателот Доналд Трамп, ја претстави новата безбедносна политика кон Европа, во чија основа е пораката: „Европа и европските држави, мора сами да го понесат најголемиот терет и одговорност за одбрана и безбедност во Европа. САД, ќе помагаат и ќе даваат поддршка, пред сé за противнуклеарна заштита и одвраќање!“ Пораката беше примена и сериозно разбрана, барем од поголем дел државите од Европската Унија (ЕУ) и Европа. Ваквите крупни поместувања и промени во американската безбедносна политика кон Европа, имаат особено значење, имајќи ја предвид агресијата на Русија врз Украина и веќе тригодишната војна помеѓу нив и какви закани и ризици предизвикува оваа војна за безбедноста на европските држави, особено на оние кои граничат со Русија.

Почетоците на новиот пристап за европска одбрана, се поклопуваат и со настојувањата на администрацијата на САД и претседателот Трамп, да се издејствува прекин на воените дејства во Украина и да се создадат услови за оддржување на меѓународни преговори за изнаоѓање на политичко и дипломатско решение за војната помеѓу Русија и Украина.

Минхенската конференција за безбедност, одржана од 14. до 16.02.2025 година, беше последниот „окидач“ за мобилизирање на водечките европски држави и телата на Европската Унија и за преземање на итни мерки, кон донесување на одлуки за поставување на нова и зајакната европска одбрана. Мораме да истакнеме дека сите овие нови напори, покрај почетните недоречености, европските држави ги преземаат на национално ниво, особено преку координирано делување, како членки во НАТО Алијансата.

Лидерите на државите членки на ЕУ, првиот чекор го направија на состанокот на Европската комисија на 19.03.2025 година, кога е претставена Белата книга на одбраната на Европа, т.н. „План за ревооружување на Европа–„Подготвеност 2030“ (the ReArm Europe Plan/Readiness 2030).

**Главни цели на овој документ се следните:**

1. Законска и финансиска поддршка на инвестициите во одбраната. Со планот се дава согласност за отстапување од националните

ограничувања за максимални вложувања во одбраната, во наредните 4 години.
2. Овозможување на одбранбен пакет вреден 800 милијарди евра. Од кои 650 милијарди евра ќе ги обезбедат државите членки и партнерите, а 150 милј.евра во форма на поволни заеми ќе ги обезбеди Европската комисија, за потребите на државите членки и партнерите.
3. Ургетни препораки на членките на ЕУ (и партнерите) за итни и значајни зголемувања на одбранбените инвестиции и капацитети и за изградба на јака воено индустриска база, со цел одбрана и одвраќање од Русија.
4. Заедничко производство и набавка на воена опрема и средства. Целта е да се купува повеќе европско вооружување и опрема (65% од компонентите мора да бидат од европско потекло).
5. Пополнување на критичните недостатоци во воените способности.
6. Предвидливост и намалување на трошоците.
7. Намалување на зависноста од САД за одбрана (досега, ЕУ 2/3 од воените потреби ги обезбедува од САД).
8. Во согласност со глобалните геополитички прилики, ЕУ треба да ги проширува партнерствата.

Поволните заеми во вредност од 150 милијарди евра, кои ќе ги обезбеди Европската комисија, ќе се оствруваат преку наменски создадениот „Европски Инструмент за безбедносна акција (instrument for Security Action for Europe – SAFE). Државите членки и партнерите, ќе можат да добијат поволни кредите за воени проекти, за заедничка одбрана. Овој инструмент треба да им овозможи на државите членки, брзо и масовно зголемување на вложувањата за одбрана, преку заеднички набавки од европската одбранбена индустрија. Рок за побарување на кредитите ќе биде до 2027 година, а државите ќе можат да добијат финансиски средства до крајот на 2030 година. Поволните кредити, ќе ги враќаат на Европската комисија (ЕК) во рок од 45 години. Значајно е, што во заедничките набавки можат да учествуваат државите од Европската асоцијација за слободна трговија (The European Free Trade Association -EFTA), држави кандидати, идни кандидати, како и трети држави со кои ЕУ има или ќе потпише „Партнерство за безбедност и одбрана". Досега, такво партнерство ЕУ има потпишано со: Норвешка, Молдавија, Ј.Кореја, Јапонија, Албанија и Р.С.Македонија. Од овој план засега се изземени САД и В.Британија, што за В.Британија може брзо да се промени, бидејќи ЕУ работи на подготвување на нов „Договор за безбедносна и одбранбена соработка" со В.Британија. ЕК, во име на ЕУ предлага и зголемување на одбранбената и безбедносна соработка со Канада, Австралија, Нов Зеланд и Индија. Со планот, исто така се предивидува и стимулирање на приватниот капитал за поголеми вложувања во одбраната. За таа намена се предлага воспоставување на „Унија на штедење и инвестиции", која ќе треба да помогне во мобилизација на приватното штедење, за вложување во одбраната. Се потенцира и улогата на Европската инвестициска банка, која треба да започне со вложувања во чисто воени проекти. Бидејќи до сега, согласно правилата на ЕИБ, таа можеше да вложува само во проекти од двојна намена. Претставниците на одбранбената и воена индустрија во Европа, секако ги поздравуваат иницијативите за зголемени заеднички набавки, бидејќи за нив, од аспект на планирање на ресурсите и за создавање на сигурни приходи, важни им се долгорочните нарачки.



## Констатирани критични области во европската одбрана, кои треба да се подобрат:

1. ПВО
2. Ракетна одбрана
3. Артилериски системи
4. Беспилотни летала
5. Воените транспортни капацитети

Мораме да истакнеме дека, главни протагонисти и поддржувачи на Планот за ревооружување на Европа– „Подготвеност 2030", се најголемите и водечки европски држави, заедно со В.Британија. Без оглед што одлуките се донесуваат на ниво на ЕУ во Европската комисија, Советот на Европа и во Европскиот парламент, сепак за вакви енормни вложувања за зајакнување на европската одбрана, постои одредена резервираност од дел од државите во ЕУ, а дел од нив и најдиректно се противат на овој план. За да ги доловиме ставовите и расположението на државите, ќе ги поделиме во три групи.

1. **Во првата група** се највлијателните држави како Франција, Германија и В.Британија, кои предводат со овие иницијативи.

**2.Во втора група** се државите кои ценат дека се најзагрозени од можна идна руска воена експанзија, како Полска, Балтичките држави, Шведска, Финска и кои исто така се најгласни за прифаќање и спроведување на овој план.

**3.Во трета група** се државите од ЕУ и Европа кои и до сега не издвојуваа 2% од БДП за одбрана, неблагонаклонето гледаат кон ваквата нова политика на ЕУ и не се подготвени драстично да ги зголемат издвојувањата за одбрана, бидејќи не се чувствуваат директно загрозени од Русија (Унгарија, Словачка, Словенија, Хрватска, Италија, Португалија, Шпанија, Кипар, Малта и други).

Сосема е јасно дека, највлијателните држави во Европа, како што се Франција, Германија и В.Британија, одлуките за енормно зголемување на издвојувањата за одбрана, не го прават само за зајкнување на европската безбедност и одбрана, туку тоа го прават и за задоволување на нивните геостратешки позиции и интереси, поставувајќи се како глобални сили во меѓународната политика и односи. Исто така, овие држави се водечки во Европа за производство на воено оружје и одбранбени системи, па со самото тоа, нивните зголемени вложувања во одбранбените и воени буџети, во голема мера ќе ги надоместат од зголемената продуктивност на нивните воени индустрии. Од тие причини, уште минатата година Франција, покрај редовниот годишен воен буџет, со ДПРО 2024-2030 одобри дополнителни 413 милиони евра за модернизација и развој на одбраната и армијата. Видовме дека неодамна и Германија ги промени ограничувањата во нејзиниот Устав и Парламентот изгласа нова Финансиска Програма за одбрана, во износ од 500 милијарди евра и уште 500 милијарди евра за економски и инфраструктурни проекти. На овој план не заостанува ниту В.Британија, чија Влада изгласа зголемување на буџетот за одбрана на 2,5% од БДП, а од 2028 до 3%. Така, сегашниот нејзин воен буџет од 65 милијарди фунти, треба да се зголемува секоја година, за да се достигне до 3% од БДП или 90 милијарди фунти.

Третата група на држави, кои имаат резервираност, а дел од нив и несогласување со Планот за ревооружување на Европа–„Подготвеност 2030", укажуваат на негативните ефекти од новата трка за вооружување, врз економијата и стандардот на граѓаните во ЕУ и цела Европа. Такво јавно предупредување, неодамна даде и претседателката на Европската централна банка, Кристин Лагард, која истакна дека трошоците за одбрана може да предизвикаат шокови во економијата во Еврозоната, да ја поттикнат инфлацијата и растот на цените. Таа, побара да се направи темелна анализа, за сите ценовни и трговски шокови кои би настанале. Слични размислувања и ставови доаѓаат од Шпанија, Холандија, Унгарија и Словачка.

Независно што на ниво на ЕУ и Европа, не е изграден консензус во однос на потребата за забрзано и енормно зајакнување на воените и одбранбени капацитети, највлијателните држави во Европа (Франција, Германија и В.Британија), веќе на големо го промовираат Планот за ревооружување на Европа– „Подготвеност 2030" и преземаат практични активности на национално и регионално ниво, за негова реализација. Истите, проценуваат дека Европа заостанува во однос на Русија, во производство на тенкови, борбени авиони, оклопни борбени возила, артилериски орудија и повеќенаменски ракетни системи. Од тие причини, во ЕУ се воспоставени повеќе иницијативи и програми за јакнење на воено индустриското производство, како што се:

- -Instrument for the reinforcement of the European defence industry through common procurement act (EDIRPA);
- -Work Programme of the European Defence Fund (EDF);
- -European Defence Industrial Strategy (EDIS), дополнета во март 2024;
- -European Defence Industry Programme (EDIP), со предложен буџет од 1,5 милијарди евра;
- -MMF/Multiannual Financial Frame work до 2027. Со можност за нов до 2034 година.

### Преглед на веќе започнати регионални иницијативи во Европа за производство на нови воени системи и вооружување:

1. Производство на 220 ракети „Aster 15" и „30" (Преку „Organization for Join Armament Cooperation/OCCAR" - Франција, В.Британија и Италија).



2.Производство на нов борбен авион 6-та ген („Future Combat Air System, EU 6th generation air faither/FCAS“ - Франција, Германија и Шпанија).
3.Производство на нов борбен авион 6-та ген, како замена за постојниот Eurofighter-Typhoon („Global Combat Air Programme/ GCAP“ - В.Британија, Италија и Јапонија).
4.Производство на нов тенк „Леопард 2А“ („ЛЕОБЕН Груп“-Германија,Шведска,Шпанија)
5. Производство на ново борбено оклопно возило („the Common Armoured Vehicle System /CAVS“. Проект во склоп на програмата European Defense Industry Reinforcement Instrument through Joint Procurement. Иницијатори се Финска, Шведска, Германија, Латвија и Данска).
6.Производство за оклопен транспортер („European Future Highly Mobile Augmented Armoured Systems 2 (EDF FAMOUS 2) - Armoured Personel Carrier)“. Проект на ЕУ од 2024 година. Учесници за развој се Полска, Хрватска, Ј.Африка, Словачка, Јапонија и Латвија)
7.Производство на гранати и муниција (Act in Support of Ammunition Production/ASAP. Иницијатива на ЕУ во вредност од 500 милиони евра, за производство на 2 милиони парчиња до крај на 2025 год.)

За нашата држава, како и за останатите држави од регионот на Балканот, исто е значајно какви ефекти ќе предизвика Планот за ревооружување на Европа–„Подготвеност 2030“. Дел од државите, покрај остврувањето на политички и економски цели и интереси, за да создадат поповолни услови за приклучување кон дел од наведените иницијативи и проекти за производство на воена опрема и вооружување во ЕУ, започнаа да потпишуваат нови договори за одбранбена соработка или да ги надградуваат постојните договори. Таков беше недамна потпишаниот трилатерален договор за одбранбена соработка помеѓу Хрватска, Албанија и Косово. Исто така, неодамна Србија и Унгарија попишаа договор за воена и одбранбена соработка.

Во таа насока може да се согледуваат и зголемените инвестиции и вложувања во воената индустрија, од страна на Турција во регионот. Имено, во месец октомври 2024 година во Анкара, за време на посетата на албанскиот премиер Еди Рама, турскиот претседател Таип Ердоган најави инвестиции во одбранбената и воената индустрија во Албанија, за обнова на старите воени фабрики за производство на вооружување. На 16.12.2024 година, турската државна одбранбена компанија „Машинска и хемиска индустриска корпорација – МКЕ“ и владата на Косово, потпишаа договор за изградба на воена фабрика за производство на муниција (5,56мм и 7,62мм) и лабораторија за дронови во Косово. Ова турска државна воена компанија „МКЕ“, на 27.03.2025 година, потпиша договор за отворање на фабрика за барут и за производство на муниција и воена опрема во нашата држава, со македонската компанија „АТС Груп“.



Новиот План за ревооружување на Европа–„Подготвеност 2030“, секако дека ќе биде голем предизвик особено за помалите и економски послаби држави во Европа. Тој предвидува значително поголеми издвојувања на финансиски средства за јакнење на одбранбениот систем, за модернизирање и опремување на армиите. Водечките држави во Европа го диктираат темпото и покажуваат одлучност, по секоја цена да ги одвратат идните можни закани од Русија и да се подготват за да се одбранат. Во овој момент, не се гледаат сигнали дека е можно по политички пат и со дипломатија да се решаваат безбедносните и одбранбени проблеми помеѓу Русија и Европа. Не се гледаат назнаки дека е можно преку преговори да се дојде до некој нов меѓудржавен-меѓународен договор, со кој би се надминале разликите, би се отстраниле заканите, би се договорила деескалација, намалување на воените арсенали и да се постигне начелно прифатлив договор, за протегањето на границите на геостратешките интереси помеѓу засегнатите страни.

Очигледна е решеноста, да му се даде предност на воениот пристап за решавање на заканите и ризиците помеѓу Европа и Русија, а тоа значи, во рок од неколку години да се создадат воени сили и одбранбени капацитети во Европа, кои ќе можат на конвенционален начин да и парираат на воената моќ на Русија. Дали е избран вистинскиот пристап, многу брзо ќе покаже времето. ■





# Подофицери и подофицерски кор

Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

## Историја на подофицерите во светот и во македонската армија

Подофицерите имаат значајна улога во воените организации со векови. На пример, кај римските легии, принципалите (подофицерите) биле искусни водачи, одговорни за дисциплината, обуката и лидерството во борбените формации. Овие подофицери- принципали обезбедуваат структурирано и професионално јадро во војската, формирајќи мост помеѓу командантите и обичните војници.

Во модерната ера, развојот на подофицерскиот кор станува поструктуиран во европските армии, особено во текот на 17 и 18 век. Пруската армија особено го нагласува професионализмот и строгата дисциплина, формирајќи класа подофицери кои се инструмент за обука и одржување на редот меѓу војниците. Моделот е усвоен и адаптиран од други армии ширум светот, вклучително и британската, француската, а подоцна и американската армија.

Во Армијата на Република Македонија (сега официјално Република Северна Македонија), подофицерскиот кор постојано се развива од независноста на земјата во 1991 година. Македонската војска ги наследи структурите од поранешната Југословенска народна армија (ЈНА), која имаше формализиран систем на подофицери. ЈНА, како армија која се потпираше на регрутниот систем, обучуваше подофицери преку четиригодишно средно насочено образование, при што се доаѓаше во ситуација 18- годишни водници, кои се на почетокот од кариерата, да работат со свои врсници, а да примаат нардби од постари од себе, што не е случај со модерните НАТО армии.

Меѓутоа, со реформите и стремежот да се усогласат стандардите со стандардите на НАТО, македонската армија почна да става поголем акцент на развивање на професионален подофицерски кор. Последниве децении воспоставувањето центри за обука и соработката со НАТО и земјите партнери значително ги подобрија способностите и статусот на македонските подофицери, што е суштинско за оперативен успех на силите.

## Основни должности на подофицерите

Примарните одговорности на подофицерите во сите модерни армии, вклучувајќи ја и македонската, се насочени кон лидерство, обука, дисциплина и благосостојба на персоналот. Подофицерите се нарекуваат „'рбетот на армијата", бидејќи тие гарантираат дека војниците се обучени, мотивирани и подготвени за секоја мисија.

Клучни должности на подофицерите се:

- водење и надзор на војниците во секојдневните задачи и мисии;
- спроведување и управување со обука на ниво на поединец, тим и одделение;
- спроведување на воени стандарди, правила и прописи;

- советување на офицерите за прашања во врска со подофицерите и војниците;
- одржување дисциплина, морал и благосостојба на војниците под нивна команда;
- да бидат пример за помладите подофицери и војници.

Накратко, подофицерите се првата линија на лидерство што обезбедува непречена работа на воените единици на сите нивоа.

## Разлики меѓу подофицерите и офицерите

Иако и подофицерите и офицерите претставуваат лидери, нивните улоги, одговорности и напредување во кариерата значително се разликуваат.

Офицерите се назначени од националните власти и се одговорни за командните одлуки, стратегија и планирање. Тие често работат на повисоко ниво на лидерство и се фокусирани на голема оперативна ефективност, политика и управување со ресурсите.

Подофицерите, од друга страна, се издигнуваат најчесто од војничките чинови и добиваат авторитет преку искуство и докажано лидерство, авторитет којшто е делегиран од страна на офицерите. Подофицерите се одговорни за секојдневното управување со војниците, извршувањето на наредбите и практичното водство на теренот.

Синергијата меѓу офицерите и подофицерите е клучна: офицерите ја развиваат мисијата, а подофицерите ја остваруваат.

## Канал за поддршка и неговото влијание во обуката, војувањето и донесувањето одлуки

Каналот за поддршка е суштински дел од структурата на военото раководство. Работи заед-




но со ланецот на командување и им овозможува на офицерите и подофицерите поефикасно да комуницираат, да координираат и да водат. Каналот за поддршка игра клучна улога во обезбедувањето дека, намерата на командантот е целосно разбрана и имплементирана на сите нивоа.

Во обуката, каналот за поддршка обезбедува конзистентност, дисциплина и стандарди. Подофицерите ги надгледуваат вежбите и ги коригираат недостатоците, помагајќи да се изградат компетентни, сигурни војници.

При извршување на воени дејства, каналот за поддршка овозможува флексибилно и одговорно одлучување. Подофицерите носат непосредни тактички одлуки, ја одржуваат кохезијата на единицата и ги риспособуваат наредбите кон ситуацијата на теренот - сето тоа додека ја информираат линијата на командување.

При одлучувањето, подофицерите служат како „глас на искуството". Нивната перспектива од првите редови им овозможува на офицерите да направат основани одлуки, базирани на информација во реално време. Оваа соработка го зајакнува целиот процес на донесување одлуки и ги подобрува резултатите од мисијата.

За македонската армија, развојот на ефективен канал за поддршка беше и сè уште е во фокусот на тековните воени реформи. Со усвојувањето на стандардите на НАТО, македонските подофицери сега се поовластени да придонесат значајно во обуката, подготвеноста и оперативното планирање.

Подофицерскиот кор останува еден од највиталните елементи на секоја модерна војска. Од нејзиното античко потекло во римската армија до нејзиниот формален развој во Европа и континуираната еволуција во македонската армија, подофицерите се покажаа како незаменливи водачи. Нивните одговорности во обуката, дисциплината и лидерството, ги разликуваат од офицерите но, сепак, нивната соработка со командната структура и обезбедува успех на мисијата. Преку каналот за поддршка, подофицерите влијаат на секој аспект од военото живот, создавајќи професионална и способна борбена сила, подготвена да одговори на предизвиците на модерното војување. ■

| ОФИЦЕР | ПОДОФИЦЕР |
|---|---|
| Командува, воспоставува политика, планира и ја програмира работата на Армијата | Ја изведува дневната работа на единицата со воспоставување на наредби, директиви и политика |
| Се концентрира на колективната обука која ќе и овозможи на единицата да ја исполни мисијата | Се концентрира на индивидуалната обука која би ја развила способноста за исполнување на мисијата |
| Примарно е вклучен во операциите на единицата, обуката и поврзаните активности. | Примарно е вклучен во обуката на индивидуалните војници и тимови |
| Се концентрира на ефективноста и готовноста на единицата | Се концентрира на секој потчинет војник и на малите тимови од единицата за да се осигура дека секој од нив е добро обучен, високо мотивиран, подготвен и функционален |
| Посветува особено внимание на стандардите на изведбата, обуката и професионалниот развој на офицерите и подофицерите | Се концентрира на стандардите на изведбата, обуката и професионалниот развој на подофицерите и војниците |
| Креира услови – го прави времето и другите ресурси овозможени за да можат подофицерите да ја работат работата | ЈА ЗАВРШУВА РАБОТАТА |



# КРСТОСУВАЧКИ ПРОЕКТИЛИ



Пишува: полковник Драган Павловски

## ВОВЕД

Крстосувачка ракета е беспилотен и самонаведуван проектил со аеродинамични карактеристики и со примарна мисија да достави убојни средства на целта. Крстосувачките проектили се дизајнирани да испорачаат голема боева глава на долги растојанија и со висока прецизност, а за таа цел се способни да патуваат со субсонична, суперсонична или хиперсонична брзина, како и да летаат на екстремно мала височина, следејќи одредена траекторија. Крстосувачките ракети, иако во некои погледи се слични на балистичките ракети, сепак се разликуваат по тоа што летаат кон нивната цел на пониски височини, останувајќи во атмосферата на Земјата во текот на нивната траекторија.

Најчеста мисија за крстосувачките ракети е да напаѓаат критична инфраструктура со релативно висока вредност, како што се аеродроми, радари, бродови, командни бункери, мостови и брани. Ракетите се многу потешки за откривање и пресретнување од другите воздушни средства, така што тие одговараат и за напади против статични системи за противвоздушна одбрана. Во моментов крстаречките ракети се меѓу најскапите оружја за еднократна употреба, а цената се движи до неколку милиони долари за парче. Кко последица од ова, корисниците се соочуваат со тежок избор на целта при таргетирање, во насока да се избегне потрошувачка на ракетите на цели со мала вредност.

## КРАТОК ИСТОРИЈАТ

Првите идеи за некаков тип крстосувачка ракета се појавиле во далечната 1916 година, кога американски авијатичар изградил и патентирал „воздушно торпедо", односно автоматски авион со полнење ТНТ и барометриска контрола за надморска височина. Инспирирана од успехот, Армијата на Соединетите Американски Држави развила слична летечка бомба. Во истиот период, Германија тестирала далечински управувани воздушни едрилици, а слични експерименти се случуваат и во Велика Британија. Во Советскиот Сојуз постоел проект за крстосувачки ракети во периодот од 1932 до 1939 година, кој користел дизајн на бомби со помош на ракетен погон и со жироскопски системи за водење.

На почетокот на Втората светска војна во 1939 година, во Армискиот истражувачки центар во Германија, од страна на Луфтвафе започнува дизајнот на крстосувачките проектили. Во 1944 година Германија ги распоредила првите оперативни крстосувачки ракети (V-1), наречени летечки бомби, со систем за водење со жироскоп, придвижувани од едноставен млазен мотор, распоредени со мисија за бомбардирање на Лондон. Главните предности биле брзината и потрошувачката, со мала цена на производството. Поради ограничениот долет во еден правец, илјадниците проектили „V-1", лансирани во Англија, биле истрелани од постројки за лансирање долж францускиот и холандскиот брег или со помош на модифицирани авиони за лансирање. Вермахтот (вооружените сили на нацистичка Германија од 1935 до 1945 година), првпат ги лансирал ракетите „V-1" против Лондон на 13 јуни 1944 година, со повеќе од сто ракети дневно, истрелани во југоисточна Англија. Операцијата траела до октомври 1944 година, кога последната локација на „V-1" во опсегот на Британија била пре-

газена од сојузничките сили. После ова Германија го насочила лансирањето на „V-1“ кон пристаништето во Антверпен и кон други цели во Белгија. Нападите престанале само еден месец пред да заврши војната во Европа, кога на 29 март 1945 година била совладана и последната локација за лансирање.

Веднаш после војната, откако силите ја сфатиле суштината и значењето на крстосувачките ракети, Военото воздухопловство на Соединетите Американски Држави имало 21 различен проект за наведувана ракета, вклучително и потенцијални крстосувачки ракети. За време на Студената војна, двете сили, САД и Советскиот Сојуз, дополнително експериментирале со концептот за распоредување на раните крстосувачки ракети од копно, подморници и авиони. Првата оперативна ракета на Военото воздухопловство на САД била нуклеарната ракета „MGM-1 Matador“, која била слична по својот концепт на „V-1“. Распоредувањето во странство започнало во 1954 година, прво во Западна Германија, чиишто проектили биле способни да гаѓаат цели во државите од Варшавскиот пакт, а подоцна и во Тајван и во Јужна Кореја. Помеѓу 1957 и 1961 година, од страна на САД следела амбициозна и добро финансирана програма за развој на крстосувачка ракета со нуклеарен погон, дизајнирана да лета на висина под можноста за детекција од радар на непријателот, со брзина над 3 маха и да носи хидрогени бомби. Проектот бил напуштен во корист на развој на интерконтинентална балистичка ракета. Додека балистичките ракети биле најпосакуваното оружје за копнени цели, крстосувачките ракети, опремени со нуклеарни и конвенционални оружја од страна на Советскиот Сојуз, се сметале за основно оружје за уништување на борбените групи на американските носачи. Во таа насока, големите бомбардери, моделите „Backfire“, „Bear“ и „Blackjack“, биле опремени со конфигурација на крстосувачка ракета.

## КАРАКТЕРИСТИКИ

Крстосувачките проектили се способни да бидат лансирани од повеќе платформи, од земја, од воздух и од море, од подморница. И ловците и авионите-бомбардери се способни да носат и да лансираат крстосувачки ракети. Крстосувачките проектили, после лансирањето, користат млазни мотори како нивен примарен метод на погон, дел користат и мотори „турбофан“ и „турбоџет“. Постојат и суперсонични и хиперсонични крстосувачки ракети со посебен вид на мотори. Честопати се произведуваат варијанти на истиот проектил за различни платформи за лансирање (на пример, верзии лансирани од воздух и од подморница).

Крстосувачките проектили може да летаат до нивните цели на различни височини, со променлива траекторија која останува блиску до површината на Земјата, понекогаш искачувајќи се само неколку метри над Земјата. Нивната ниска патека на летот го отежнува откривањето на проектилот за повеќето радарски и сензорски системи, освен ако радарот или сензорскиот систем е воздушен и насочен кон Земјата (на пример сателити или авиони за надзор со радари). Некои крстаречки ракети ќе летаат само на големи надморски височини и ќе нурнат нагло откако ќе стигнат до својата цел. Летањето на голема височина може да го прошири долетот на ракетата, бидејќи е поекономично за потрошувачката на гориво отколку летањето на помали височини (поради густината на воздухот). Ова, од друга страна, ја прави ракетата подложна на системи за противракетна одбрана, бидејќи денешните радари и сензори обично се позиционирани да откриваат и да следат закани од голема височина. Крстосувачките проектили можат да користат различна траекторија на летот, помеѓу голема и мала височина, со цел да ги добијат придобивките од двете. Во овој пример, крстаречките ракети обично ќе летаат на голема височина на почетокот од нивниот лет за да помогнат во зголемувањето на нивниот долет, но како што се приближуваат до нивната цел или противракетна одбрана, тие ќе летаат на пониска височина за да избегнат откривање и одбрана.



Крстосувачките проектили може да се категоризираат според големината на товарот, односно според боевата глава, брзината, дострелот и платформата за лансирање. Поголемите крстаречки ракети можат да носат конвенционални или нуклеарни боеви глави, некои од кои се способни да носат биолошки и хемиски боеви глави. Системите за наведување може да се разликуваат кај различни проектили, со цел да ги избегнат системите за противракетна одбрана. Како системи за навигација се користат: инерцијална навигација, TERCOM или сателитска навигација. Еден од првите современи методи што го користат крстосувачките ракети е инерцијалното водење, кое овозможува ракетата да лета по патеката на летот, програмирана пред лансирањето. Системот за навигација TERCOM, првенствено користи контурни, теренски карти, складирани во компјутеризираната меморија на системот, кои се споредуваат со мерења направени за време на лет, користејќи радарски висиметар. Ссистемот ја споредува теренскта карта со тековниот терен и значително ја зголемува прецизноста на проектилот во споредба со инерцијалните навигациски системи. Зголемената прецизност овозможува ракетата опремена со TERCOM да лета поблиску до пречките и главно на пониски височини, што го отежнува откривањето со копнени радари. ■





# БАЈОНЕТ – ПОМЕЃУ ЧЕЛИКОТ И ОГНОТ (ВТОР ДЕЛ)



Пишува: Виктор Крстевски

Бајонет (Нож, Штык, Bayonet) е универзално име и ја опишува општопознатата конструкција која се употребува речиси 5 века и постојано се унапредува и се приспособува на концептите на современото војување. И после толку многу години, јуришот со бајонет ја означува највисоката форма на војничка чест, искажана преку саможртвување, независно дали командата е „Fix Bayonet“, „Bajonet Auf“, „Fixer la BaÏonnette“, „Le Baionette“, „Примкнуть Штыки“ или „Ножот на пушката“.

Првата светска војна е позната по рововското војување и блиската борба „гради в гради“, кога употребата на бајонетите го достигнува својот максимум.

Настанувањето на вооружувањето со полуавтоматска и автоматска стрелба, и неговото воведување во оперативна употреба за време на Втората светска војна, значително влијаело врз начинот на војување. Војувањето добива динамичен карактер, со брзи маневри, се зголемува растојанието помеѓу завојуваните страни, а посторот помеѓу непријателските војници лесно се покрива со брза полуавтоматска или автоматска стрелба. Бајонетите сè уште се користат во блиска борба во урбани средини и при вршење патроли и заседи во ноќни услови. За време на Втората светска војна дизајнот на бајонетите бил подобрен со спојување на нож за пушка (бајонет) и на тактички нож. Пример за ваков дизајн е германскиот бајонет „Seitengewehr 42“, наречен и „Infanteriemesser 42“ или „Kampfmesser 42“, модел кој бил развиен 1942 година од Вилхелм Густлоф Верке, а бил произведен од Карл Ајкхорн во Солинген. Кориците на рачката се произведени од фенолна смола (бакелит), додека во самата рачка бил сместен мултифункционален алат што можел да се отстрани и кој се состоел од шрафцигер, мал нож, шило и шраф, додека заштитниот држач на рачката бил наменет за извлекување на заглавени куршуми (чаури). Се смета дека, врз основа на овој бајонет, подоцна се развиваат повеќенамнески тактичи бајонети.

По завршувањето на Втората светска војна доаѓа до промена на доктринарниот пристап на војување, а со создавањето на двата воени блока (Источен, Варшавскиот пакт и Западен, НАТО сојузот), започнува глобалната трка во вооружувањето, каде што некои делови од индивидуалната воена опрема и вооружување ќе се исфрлат од употреба, некои ќе се модернизираат, а други иновативно ќе се создадат. И покрај ваквите промени, бајонетите останале да постојат до ден-денес како основен дел од воената опрема и вооружување, при што, главно, за секој вид пушка се произведува и соодветен бајонет.

Современиот бајонет претставува нож со спојување на соодветните карактеристики на борбениот нож (Combat knife), ножот за преживување (Survival knife) и нож-мултиалат (Multi-tool knife), кој преку вграден утврдувач може да се фиксира за посебен држач на цевката на пушката како бајонет, односно во рака може да се користи како тактички повеќенаменски нож. Пример за ова е источногерманскиот бајонет „KM87“ (Kampfmesser, survival knife bayonet). „KM-8“ бајонетот има облик „Clip Point“, во облик на сечило, кое од горната страна е назабено и изработено како пила за сечење дрва. Сечилото, заедно со ножницата, формираат алат за сечење жица. Ножицата е обложена со тврда пластика, исто како и рачката на ножот, со цел заштита при сечење на бодликави жици под електричен напон. Рачката на бајонетот е цилиндрична, со празнина внатре, а шупливиот, долниот дел, е затворен со метален дел на одвртување, кој воедно е и утврдувач на бајонетот за пушката. Во празниот дел од рачката се наоѓа пластична капсула во која се наоѓа прибор за преживување: конец за фаќање риби, јадици, 3 долгогоречки водоотпорни кибрити, 3 јодни таблети за прочистување на вода, 2 игли и стерилен конец за шиење рани. На ножницата

во пределот на жабката (гајка) е вградено сигнално стакло од полиран челик за давање на светлосни сигнали и за Морзеова азбука.

**Современиот бајонет** се изработува од висококвалитетен некорозирачки челик (full tang construction), заштитен од атмосферски влијанија, најчесто премачкан со титаниум карбонитрид (TiCN - titanium-carbon-nitride coating), со сечило во „Clip Point“ облик, соодветно за блиска борба, бидејќи се карактеризира со остар врв и има облик на острица која е погодна за сечење, делкање, обработка на храна, особено за обработка на животни (колење и дерење). Сечилото најчесто е назабено со запци во вид на пила за сечење дрва, или со запци за ефикасно сечење на ткаенина, јажиња, гумени и пластични матријали.

Некои бајонети, како на пример ножот за автоматската пушка „Застава М.70“, како и бајонетот „М.9“, наменет за американската пушка „Colt M.4“, кои се наоѓаат во употреба во нашата армија, во горниот дел на сечилото се назабени со запци во вид на пила за сечење алуминиумска ламарина на воздухопловите, пред сè, на хеликоптери (во случај да паднат) за правење отвор за војниците за нивно принудно излегување и напуштање. Рачката е обложена со нелизгачка тврда гума, полимер или со корици од микарта (micarta - композити од лен, платно, хартија, фиберглас, јаглеродни влакна или друга ткаенина во термореактивна пластика), каде што на средина на рачката се наоѓа светилка-индикатор, доколку ножот биде допрен до бодликава жица со електричен напон. Крајот на рачката има остар триаголен завршеток, наменет за кршење на стакло и за нанесување на смртоносни удари во пределот на вратот и главата на непријателот, како и мал отвор за вметнување на врвка и формирање на јамка за сигурно држење. Ножот, споен со ножница, може да формира ножица за сечење на жица, додека кај некои модели ножицата за сечење жица е вградена во самата ножница. Ножницата се изработува од висококвалитетна пластика, позната како кајдекс (kydex – термопластични материјали од акрилик -поливинил хлорид, кои се одликуваат со висока цврстина, експлоативна отпорност, огноотпорност и издржливост). Самата ножница, од надворешната страна, има ленти за закачување на торбичка со прибор за преживување, додека од внатрешната страна има острилка за нож, како и вградена пила за сечење дрва. Ножницата има додаток за прикачување на систем-ленти (tactical molle plate system) за тактички ремен или за тактички елек.

Сериското производство на пушки подразбира и сериско производство на бајонети, земајќи ги предвид армиите корисници, нивната цена на пазарот и тестирањата објавени во воените списанија и магазини, моментално на светско ниво би можеле да се издвојат следниве најдобро рангирани „топ“ пет бајонети:

1. Бајонет „Fulcrum“, производ на италијанска компанија за ножеви, „Extrema Ratio“, дизајниран за италијанската пушка „Beretta ARX 160“ и американската пушка „Colt M4/M16“, со цена на пазарот од 480 евра.
2. Бајонет „6х9-1“, современ руски бајонет од програмата „Ратник“, производ на фирмата за ножеви „Кампо“, наменет за автоматските пушки „АК12“ и „АК15“. Неговата цена на пазарот е околу 320 евра.
3. Бајонет „US, Bayonet M.9, OKC-3S“, американски повеќенаменски бајонет, наменет за пушките „М.16/М.4“. Цената на пазарот за овој бајонет е околу 280 евра.
4. Бајонет „Eickhorn SG2000 WC (wire cutter) NATO“, дизајниран за германската војска за пушката „G36“, изработен во германската фабрика за ножеви „Eickhorn Solingen“, а неговата цена на пазарот е околу 240 евра.
5. Бајонет „SA80 (L3A1)“, британски бајонет произведен од „Royal Small Arms Factory at Enfield Lock“, наменет за пушката „SA80(L85)“. Цената на пазарот за овој бајонет е околу 220 евра.

Во поновата историја, организирана употреба на бајонетите е забележана од војниците на Кралскиот полк на принцезата од Велс, за време на битката кај Ал Амара во Ирак на 14 мај 2004 година (самата битка кај Ал Амара се смета за најжесток вооружен судир што го имала британската војска при воената интервенција во Ирак). Битката кај Ал Алмара е прикажана на „BBC“ во драмата „Danny Boy“.

Последната употреба на бајонет во блиска борба е забележана во 2024 година во Руско-украинската војна. Борбата била снимена со предна камера, поставена на шлемот на украински војник и на видеозаписот се гледа борба „гради в гради“, која се одвива во урбана средина, каде што поради близината на контактот, војниците не се во можност да го користат нивното огнено вооружување, при што се преминува на користење на бајонетите како оружје и опција за блиска борба (видеозаписот е со вознемирувачка соджина, објавен од „Global“. ■






# ШАРЛ ДЕ ГОЛ – архитектот на модерна Франција



Пишува: потполковник Златко Блажески

Една од клучните светски фигури на XX век од доменот на военото лидерство, со сигурност е генералот Шарл де Гол. Истакната личност, кој со својот став и влијание одигра голема улога за Франција. Де Гол, од успешен воен офицер станал успешен државник, воен лидер со цврст и одлучен став, конзервативец кој за време на своето владеење имплементира социјални промени, националист кој одржувал одлични односи со светот, едноставен човек со многу можности и со визија.

Животописот на овој воен лидер започнува во далечната 1890 година во градот Лил каде што е роден Шарл Андре Жозеф Мари де Гол или на кратко Шарл де Гол. Неговото детство поминува во добро ситуирано патриотско католичко семејство од татко Хенри и мајка Жулиен. Од своите најмлади години Шарл покажува интерес за историјата како наука, особено за воената историја. Дисциплината му била основна лична карактерна особина. Неговата фасцинираност со стратегијата и воените науки го наведува во 1909 година да се запише на престижното француско воено училиште „Саинт сир“, кое е еквивалент на американското воено училиште „Вест поинт“. За време на школувањето Де Гол покажал најдобри резултати во својата класа, особено истакнувајќи се во воената стратегија и лидерство. После неговото дипломирање во 1912 година е поставен на позиција во 33. пешадиски полк, со што ја започнува својата богата војничка кариера. Де Гол зема активно учество во Првата светска војна, учествувајќи во неколку клучни битки како онаа во Динант, Вердун, Меснин лес Хурлес и други. Во текот на војната е ранет неколкупати, еднаш во ногата, уште во својата прва битка во август 1914 година, вторпат е ранет во левата рака во 1915 година, а по третпат бил ранет за време на неговото заробеништво во 1916 година. За време на неговото воено заробеништво Де Гол имал неколку неуспешни обиди за бегство од затвореничкиот камп. Времето поминато во заробеништво Шарл де Гол го искористил за детаљно проучување на воената стратегија и оформување на гледишта и идеи за



модерното војување, што понатаму ќе создаде од него иден воен лидер.

Во периодот после војната овој воен лидер е упатен на напредно школување каде ги надградува своите лидерски и стратешки способности. Неговите напредни визионерски гледишта за употребата на оклопните и механизираните единици, како и ангажирање на професионални војници во воените единици, биле далеку пред своето време. Овие гледишта биле сметани за апсурдни и

често игнорирани од неговите претпоставени и колеги. Истражувањата за употребата на овој вид единици во воени дејствија му биле од голема корист на Де Гол за време на Втората светска војна. Шарл де Гол во овој периодот помеѓу војните напишал неколку книги за воената теорија и модерните начини на војување.

Почетокот на Втората светска војна го дочекал како полковник во оклопна единица. Во мај 1940 година, кога Германија ја нападнала Франција, Де Гол е еден од ретките офицери кој ќе одлучи да им се спротивстави на нацистичките сили и да не го прифати поразот како опција. Во првите неколку дена од отпорот, со својата единица успева да го запре продорот на нацистичките сили и да освои некоку критични точки во битката кај Монкорнет, од кои подоцна бил приморан да се повлече. Во текот на овие неколку дена Шарл де Гол бил промовиран во чин бригаден генерал. Овој пример на лидерство ќе го постави Шар де Гол за симбол на отпорот, а воедно и за лидер на силите на отпорот на Франција. После капитулацијата на Франција Де Гол оди во егзил во Обединетото Кралство, од каде во јуни 1940 година, преку британското радио „BBC" се обраќа до францускиот народ да се затпочне со давање отпор кон силите на нацистичка Германија и на окупацијата во целост. Овој момент го означува раѓањето на француските сили на отпорот. Од летото 1940 година па натаму, почнувајќи од безмалку ништо, Де Гол започнува да го оформува отпорот и вооружените сили на слободна




Франција. За време на својот престој во Обединетото Кралство и раководење на отпорот, иако бил признаен од Рузвелт и Черчил за лидер на силите на отпорот во Франција, честопати доаѓал во конфликт и несогласување со овие двајца лидери.

По ослободувањето на Франција, Де Гол, во август 1944 година се враќа во Париз како национален херој и е поставен на лидерска позиција на преодната влада на слободна Франција. На оваа позиција останал до 1946 година, кога се повлекол од политичките активности и од оваа функција. Во 1958 г., како резултат на кризата во Алжир, Шарл де Гол е повикан повторно да раководи со Франција, па така од 1959 до 1969 г. е поставен на позиција претседател на Република Франција. За време на мандатот Де Гол се насочил кон враќање на глобалната позиција на Франција, особено позиционирајќи се како медијатор помеѓу Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави. Во овој период Шарл де Гол преживеал четири неуспешни атентати. Генералот Шарл де Гол починал на 9 ноември 1970 година од последица на абдоминална аортна аневризма.

Неговото патешествие од воен лидер до државник е исполнето со предизвици, но неговиот карактер, посветеност, креативност, флексибилност и патриотизам, го донеле до сите достигнувања. Во сегментот на военото лидерство, особено карактеристични се способностите на Де Гол за иновативност, одважност во тешки и одлучувачки моменти, водење со личен пример, задржување на зацртаната цел, харизматичноста итн.

Генералот Де Гол е носител на дваесет национални медали и на околу шеесетина интернационални ордени и обележја. Голем број улици, училишта, државни институции и аеродроми го носат неговото име. Де Гол бил талентиран писател. Во неговиот животен век има напишано неколку мемоари, книги и над 10 стручни воени дела кои се фокусирани на лидерството, професионалната армија и стратегијата. Двата најпознати цитати на овој воен лидер кои одекнуваат со голема сила и значење и денес се: „Ниедна нација нема пријатели, само интереси" и „Тишината е ултимативно оружје на моќта". Овој воен лидер несомнено остави неизбришлива трага во светската историја, но придонесе и за развојот на воената доктрина, лидерство и воената професија во целост. ■





# КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД ШПИОНСКИ СОФТВЕР НА МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ

Во дигиталната ера, кога мобилните телефони се неминовни, прашањето за нивната безбедност станува сè поважно. Со растечката зависност од мобилни апликации и постојаната поврзаност со интернет, корисниците се изложени на сè поголеми ризици од сајбер-напади, а една од најскриените, но истовремено и најопасните закани се шпионските софтвери (spyware).

## Што претставува шпионскиот софтвер?

Шпионскиот софтвер е злонамерен код кој тајно се инсталира на уредот со цел да ги следи и пренесува активностите на корисникот без негово знаење. Овие програми можат да ги снимаат разговорите, да читаат пораки, да пристапат до камерата, микрофонот, локацијата, па дури и до лозинките внесени во телефонот. Во многу случаи корисниците не се ни свесни дека нивниот уред е компромитиран. Шпионскиот софтвер може да работи во позадина со минимално влијание врз перформансите на телефонот, што го прави тешко забележлив.

## Реални примери за тоа како изгледа нападот

*Пример 1*: Лажна апликација за следење на деца

Мајка од Скопје презела апликација за родителски надзор од непроверен извор, која изгледала како позната апликација за следење на активности на нејзиниот син. По неколку дена, нејзиниот сопруг забележал чудна активност на нејзиниот телефон. Се испоставило дека апликацијата не само што ги следела детските активности, туку испраќала податоци од нејзиниот телефон (вклучително и приватни фотографии) на непознат сервер.

*Пример 2*: Шпионски линк преку СМС

Млад бизнисмен од Битола добил СМС-порака со линк, кој наводно бил од банка, барајќи потврда на идентитетот. Откако го отворил линкот, без негово знаење се инсталирал шпионски софтвер. Во следните денови му биле прислушувани разговорите и бил добиен пристап до лични деловни информации.

## Како да препознаеме дека телефон е „заразен“?

Иако модерните шпионски софтвери се дизајнирани да останат невидливи, постојат неколку индикатори кои можат да укажат на можно присуство:

- брзо празнење на батеријата;
- необично зголемен интернет сообраќај;
- прегревање на уредот без посебна причина;
- пониски перформанси (заба-

Пишува: Ј. П.

вен систем, апликациите се гасат сами);
- присуство на непознати апликации или системски дозволи.



## Како да се заштитиме?

1. Инсталирајте апликации само од проверени извори
   Секогаш користете „Google Play Store“ или „Apple App Store“ за резимање апликации. Избегнувајте „apk“ датотеки од непознати веб-страници, бидејќи оттука најчесто влегува злонамерен софтвер.
2. Проверувајте ги дозволите на апликациите
   Многу апликации бараат пристап до функции кои не им се потребни. На пример, апликација за дигитален часовник која бара пристап до микрофон или камера е сомнителна. Во поставките на телефонот можете да ја проверите листата на дозволи за секоја апликација.
3. Користете антивирус и антишпионски софтвер
   Постојат неколку добри решенија како „Malwarebytes“, „Avast Mobile Security“, „Bitdefender“, кои не само што нудат антивирусна заштита, туку и откривање на шпионски апликации.
4. Чувајте го телефонот ажуриран
   Секој нов оперативен систем содржи безбедносен „update“ за ажурирање на податоците. Редовното ажурирање на оперативниот систем и на апликациите е клучно за заштитата на податоците.
5. Избегнувајте отворање на сомнителни линкови
   Фишинг-пораките стануваат сè пософистицирани. Никогаш не внесувајте лични податоци откако сте отвориле линк кој сте го добиле преку СМС-порака или непознат емаил.
6. Заклучување со биометрија или силна лозинка
   Користете заштита со отпечаток од прст, Face ID или силна лозинка за да спречите физички пристап до уредот од страна на трети лица.
7. Проверка на непознати апликации
   Во поставките Settings > Apps проверете дали има инсталирани апликации што не ги препознавате. Барајте имиња кои звучат генерички или со ознаки како „System Update", „Service", без да се однесуваат на познати сервиси.




**Што да направите ако се сомневате?**

Ако мислите дека вашиот уред се шпионира, преземете ги следниве чекори:

1. Исклучете го интернетот (Wi-Fi и мобилни податоци) за да спречите трансфер на податоци.
2. Проверете ги апликациите и деинсталирајте ги сомнителните.
3. Инсталирајте антишпионска алатка и скенирајте го уредот.
4. Направете фабричко ресетирање ако заканата е посериозна (пред тоа направете бекап).
5. Променете ги сите лозинки кои сте ги користеле од тој уред (е-пошта, банкарство, социјални мрежи).
6. Контактирајте со мобилен оператор или со IT-експерт ако не сте сигурни како да постапите.

Шпионскиот софтвер денес може да биде закана за секој корисник на мобилен телефон.Само со едно мало невнимание како, на пример, отворање на сомнителен линк или инсталирање на апликација од непроверен извор – можете да станете цел на сериозен напад врз вашата приватност.

Информираноста, вниманието и следењето на најдобрите безбедносни практики се вашата најсилна одбрана. Телефонот веќе не е само уред – тој е дигитален дневник, паричник, канцеларија и алатка за комуникација, па затоа треба соодветно да го заштитите. ■



# „КРВАВИОТ ВЕЛИГДЕН“ БИТКАТА НА ВРВОТ ГОТЕН



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Илинденското востание, организирано од ТМОРО, во различни краеви на Македонија било со различна јачина и се одвивало во текот на месеците август, септември и октомври 1903 година. Но, всушност, целата таа 1903 година може да го носи епитетот востаничка, бидејќи се случиле бројни настани, а еден број од нив станал синоним за непоколебливата решеност на Македонците да дадат сè од себе за возвишениот идеал кон кој се стремеа: отфрлање на османлиската власт, извојување на слобода и автономија, како чекор кон создавање своја држава.

Меѓу настаните кои оствиле траен белег во колективната меморија на македонскиот народ биле саможртвата на младите македонски гемиџии, трагичниот крај на Гоце Делчев и на бројни раководители, револуционери, војводи, четници на ТМОРО, кои загинале во низата вооружени борби со османлиската војска или,пак, биле жртви на предавства. Веднаш откако биле објавени одлуките на јануарски Конгрес на ЦК на ТМОРО за подигање востание, во текот на пролетта 1903 г. во Македонија почнаа да се враќаат голем број печалбари, со цел да учествуваат во Востанието. Бројот на четите кои се групирале во Македонија се зголемувал или, пак, доаѓале Македонци и еден дел доброволци, Бугари од Бугарија. Ова се одвивало после постигнувањето согласност од ЦК на ТМОРО, заради потребите од пообучен воен кадар. Па, така, од Бугарија во Македонија влегле и четите на чело со врховистички војводи, главно составени од офицери-Македонци.



Кон крајот на март 1903 г. бугарско-турската граница ја поминала една поголема група здружени чети, кои по влегувањето во Македонија требало да се јават во различни реони. Тоа биле четите на Христо Чернопеев – за Струмичко, на Костадин Мазнејков – за Радовишко, на Делчо Коцев – за Кочанско, на Коста-

дин Кондов – за Прилепско, на Николај Дечев – за Велешко, на Питу Гули – за Крушевско и на Ванчо Србаков – за Кичевско. Четите прво биле откриени во Кочанско, но успеале да пробијат пат за внатрешноста. По една недела, дел од нив, при мошне неповолни услови, биле нападнати на масивот Готен од силни аскерски и башибозучки единици.
Битката на врвот Готен се издвојува од повеќето судири во предилинденскиот период по својата специфичност. Тоа бил прв случај по долгогодишни меѓусебни непријателства, меѓусебно да си помогнат во борбата, централистите и врховистите. Битката се случила на Велигден, на 6/19 април 1903 г., во синорот на Владимирово, близу тромеѓето на Малешевскиот, Струмичкиот и Радовишкиот Реон и токму затоа оваа битка останала запаметена како „Крвавиот Велигден". Четите, предводени од војводи на ТМОРО и од Врховниот комитет (околу 250-270 четници), здружени заедно воделе дводневна борба со османлиските вооружени сили. Во битката учествувале четите на војводите Коста Мазнејков, Христо Котруле, Никола Лефтеров, Христо Чернопеев, Ристо Стаменов, од една страна, и аскерот од Берово, Владимирово, Радовиш и Струмица, од друга страна.
Борбите започнале веднаш штом четниците на војводата Коста Мазнејков излегле пред Смиленовските колиби, со цел да се кршат со црвени јајца за да си го честитаат Велигден. Претходно четата била предадена и следена од аскерот кој нападнал во утринските часови. Комитите знаеле дека се опколени и како одговор, возвратиле на тој начин што двапати фрлиле бомби, кои ги врзале по неколку, за да предизвикаат посилна експлозија. Мазнејков ги носел бомбите од бомболеарницата во Саблер и почнал да се пробива со нив. Непријателот за миг се повлекол, мислејќи дека се работи за топови, но бил далеку помногуброен и ја продолжил борбата. Откако се слушнале пукотници, врховистичкиот војвода Никола Лефтеров, кој се наоѓал во тој крај, сакал да си замине и да ги остави без помош, на милост и на немилост на аскерот. Но, на инсистирање на повеќе негови четници, сепак ја сменил одлуката и им удрил зад грбот на Турците



кои воделе борба со централистите. Вечерта пристигнал и радовишкиот аскер кој ја опколил од зад грб четата на Лефтеров. Утрото, пак, од Струмичко пристигнал Христо Чернопеев со неговата чета и од месноста Гола Глава го опколил радовишкиот аскер. Четата на Чернопеев била опколена од струмичкиот аскер кој, пак, бил опколен од четата на радовишкиот војвода Ристо Стаменов. Така, околу Смиленовските колиби на Готен се створила несекојдневна борбена слика – седум огнени кругови (седум огнени линии). По дводневна битка, под заштита на маглата и мракот, опколените чети почнале да се извлекуваат. Според скудните и официјално непотврдени податоци, во битката Чернопеев загубил петмина четници, Мазнејков и Котруле, со останатите малешевски војводи, загубиле дваесет четници, Лефтеров шест, а Стаменов петмина четници или, вкупно, 36 четници ги оставиле своите животи на врвот Готен. Жртвите на Османлиите биле далеку поголеми. Само од владимирскиот и беровскиот аскер од строј се исфрлени (убиени и ранети) околу 250 војници. Нив ги пренесувале со воловски коли преку Владимирово до Берово, каде што и ги закопале.
Според вкупната сила на четите на ТМОРО, загубите биле релативно тешки, а особено настрадале неискусните доброволци – гимназијалци и студенти кои тргнале кон татковината за да учествуваат во најавеното востание. Христо Чернопеев и Николај Дечев се вратиле во Бугарија за да подготват нови чети со кои во текот на Илинденското востание повторно ќе влезат во Македонија. Неколкумина велешани – Иван Наумов Алабакот, потпоручникот Тодор Христов-Офицерчето и други, му се придружиле на Питу Гули со кого стигнале во Крушево и кои одовде ќе го дочекаат востанието. Останатите чети пристигнале во определените реони.
Меѓу учесниците во Битката на Готен особено ќе го споменеме војводата Христо Чернопеев, кој бил еден од најголемите противници на врховистичките чети. Исто така, во битката учествувал и војводата Коста Мазнејков, кој претходно, со неколку чети на Организацијата се борел против четите на Врховниот комитет кај с. Будунарци. Но, во еден момент, во битката на Готен, заедно, здружени, се бореле централистичките и врховистичките чети против османлиската војска и башибозук, односно четите на ТМОРО и четата на Лефтеров (врховистички војвода). Токму затоа оваа битка се вика и „Готенско Муарабе". „Муарабе" доаѓа од турскиот збор „мераба", што значи „здраво", што значи подадена рака на четите од двете спротивставени страни, централисти и врховисти против османлиската војска.
Оваа битка е повод да се создаде едно од најубавите македонски ора – „Ратевското муарабе", кое според тактот и музиката потсетува на орото „Тешкото". Низ зурлите и тапаните била искажана болката за загубата, но и гордоста и непокорот на македонскиот народ. ■



# ОПЕРАЦИЈА „МОРСКИ ЛАВ“





Пишува: мајор Зоран Василески

Операцијата „Морски лав“ (Sea Leon) е германски план за инвазија на Британија за време на Втората светска војна (1939 - 1945), планирана некаде кон крајот на 1940 година, после падот на Франција.

**Операцијата „Морски лав“ е назив за инвазијата на Обединетото Кралство, за која бројни нацистички офицери имале план како треба да се изведе.**
**Веќе во првата година од Втора светска војна, европските држави кои биле противници на Германија, полека потпаѓале под нацистичката „чизма“, а на ред дошла и Велика Британија. Хитлер имал план да го контролира каналот Ла Манш со нападот на Велика Британија од воздух и од море.**

### Причини за Операцијата

После победата на Германија над Полска во воведните кампањи во Втората светска војна, во Берлин започнало планирање на борбите на Западот, против Франција и Британија, а плановите биле да се заземат пристаништата долж Ла Манш, а после тоа да се предаде и Британија. Поради тоа, адмиралот Ерик Ридер, командант на Kriegsmarine Hermann Goring од Luftwaffe, бил против морската инвазија и лобирал за различните видови на блокади со цел уништување на британската економија. Военото раководство се залагало за истоварување во Источна Англија, што би довело до истоварување на 100.000 луѓе на брегот.

Ридер се спротивставил на тоа, тврдејќи дека ќе биде потребно една година да се состави соодветен брод и да се неутрализира Британската кралска морнарица. Горинг тврдел дека таквиот напор преку каналот Ла Манш може да се направи само како „конечен чин на победничката војна против Британија“. Хитлер, изненаден од тоа што Лондон ги одбил мировните преговори, на 16 јули ја издал Директивата бр.16 во која се наведува: „Англија, наспроти безнадежноста на сопствената воена положба, досега се покажа оти не е подготвена да направи каков било компромис, па затоа одлучив да почнам да се подготвувам да изведам инвазија на Англија и, ако е потребно, островот ќе биде заземен.“

Германските воени планери, кон крајот од 1939 година испланирале елиминирање на Кралското воено воздухопловство, за да се осигура одредена надмоќност во воздух, чистење на Ла Манш од мини и поставување на германски мини и артилерија долж Ла Манш за да ја спречат Кралската морнарица да се истовари.




## Планирање на Операцијата

Планирањето на операцијата „Морски лав" го предводел началникот на Генералштабот, Фриц Халдер. Најпрвиин Хитлер оваа операција сакал да ја започне на 16 август, а набрзо потоа сфатил дека овој датум е нереален. На состанокот со планерите на Операцијата, одржан на 31 јули 1940 година Хитлер е известен дека мнозинството сака да ја одложи Операцијата до мај 1941 година. Хитлер не се сложил со тоа, но се согласил Операцијата да ја започне на 16 септември 1940 година, на етапи, со истоварување на фронтот од 200 милји од Lyme Regis, источно од Ramsgate.

Групата на армијата „Ц" на фелдмаршалот Вилхем Редер фон Либ, преминала од Cherbourg и слетала во Lyme Regis, додека групата на армијата „А" на фелдмаршалот Герд фон Рундстед, исповила од „Le Havre" за да се истовари на југоисток. Поради малата и осиромашена површинска флота, фелдмаршалот бил против пристапот за широк фронт, затоа што сметал дека нема да може да се одбрани од Кралската морнарица.

### Промена на планот

Почитувајќи ги Редеровите аргументи, Хитлер се согласил да го скрати обемот на инвазијата на 13 август со истоварување најзападно во Worthing, каде што групата на армијата „А", составена од 9. и 16. армија, би учествувала во почетните десанти. Армијата „А" требало да го премине каналот и да воспостави фронт од сливот на Темза до Portsmouth, за германските сили да напредуваат на север до околу 52. паралела. Хитлер претпоставувал дека Британија ќе се предаде кога неговите трупи ќе стигнат до оваа линија.

Редер, пак, се плашел поради недостатокот на наменски изградени десантни бродови, а за да ја поправи оваа ситуација, Kriegmarine собрал околу 2400 десантни чамци од цела Европа но, секако, и тие не биде доволни за инвазија и можеле да се користат само во мирно море.

## Подготовките на Британците

Британците, свесни за германските подготовки за инвазија, започнале со дефанзивно планирање. Генералот, сер Едмонд, кој бил именуван за главен командант на британските сили, добил задача да ја надгледува одбраната на островот и одлучил да изгради систем на статични одбранбени линии околу јужна Британија, со поддршка на тешката противтенковска линија на Главниот штаб.

## Одложување на Операцијата на неодредено време

Британските „spitfire" и „uragan" и понатаму го контролирале небото над Британија на 3 септември, што резултирало со уште едно одложување на операцијата „Морски лав". Прво била одложена за 21 септември, а потоа за единаесет дена подоцна, односно на 27 септември, за да ја скрши борбената команда на маршалот на воздухопловството Hugh Dowding. Со ова „Luftvafe" претрпел огромни загуби, па затоа Хитлер и ја одложил операцијата на неодредено време, наведувајќи го неуспехот на Luftvafe за постигнување надмоќ во воздухот и општиот недостаток на координација меѓу ограноците на германската војска. Хитлер одлучил дефинитивно да се одложи оваа операција, поради тоа што Британската кралска морнарица била премногу силна.

На крајот Германците ја изгубиле битката за Британија, а операцијата „Морски лав" никогаш не се остварила. Една година подоцна, Хитлер завојувал со две големи сили – Русија и Соединетите Американски Држави. ■





*Како влијае трагедијата врз колективната психа и што можат да направат институциите*

# КОЛЕКТИВНА ТРАУМА – кога тагува целата заедница



проф. Александар Грижев

## Што е колективна траума?

Кога заедницата ќе ја погоди трагичен настан, што предизвикува шок и загуби (како пожарот во Кочани), всушност зборуваме за колективна траума. Чувствата на беспомошност, на тага, на очај, не ги доживуваат само семејствата на жртвите, туку и целото општество. Овој процес е колективна психолошка реакција на шок, сочувство и солидарност, кој остава трајни психосоцијални последици врз колективната свест и идентитет.

Колективната траума е повеќе од моментално чувство на тага. Таа станува дел од заедничката меморија, од колективниот наратив што се пренесува преку медиуми, уметност, образовни содржини и комеморативни практики. Таа го менува начинот на којшто една заедница ја доживува реалноста, ја дефинира перцепцијата за безбедност, доверба и за иднината. Преку колективната траума луѓето стануваат повеќе подготвени да се поврзат, но истовремено можат и да се изолираат и да го загубат чуството на контрола или сигурност.

## Војниците и траумата

При колективна траума, припадниците на вооружените сили не се само набљудувачи. Тие често се наоѓаат на првата линија, било како учесници во спасувачки мисии или како национална поддршка и



солидарност. Истовремено, и самите тие се дел од заедницата што тагува. Војниците не се имуни на психолошки последици. Напротив, сведочењето за човечка болка, загуба и разурнување, а понекогаш и неможноста доволно да се помогне, ги прави подложни на секундарна траума. Траумата кај војниците може да се манифестира преку анксиозност, нарушен сон, зголемено ниво на стрес или пад на моралот. Истражувањата покажуваат дека дури и индиректната изложеност на трагедии, на пример преку медиумско покривање или учество во церемонии, може да предизвика психолошки последици. Војската мора да биде свесна за овие ризици и да обезбеди механизми за психолошка поддршка и отпорност.

## Реакцијата на институциите

Клучно влијание врз процесот на колективно заздравување е тоа како институциите ќе одговорат на колективната траума и во процесот на колективно заздравување. Во време на криза, граѓаните бараат сигнали на стабилност, емпатија и лидерство. Кога државниот врв, локалните власти и јавните личности демонстрираат човечност, присуство и јасна комуникација, тоа ја зајакнува социјалната доверба. Тие реакции се перцепираат како психолошка поддршка од системот. Од друга страна, институционалната тишина, формалност или избегнување одговорност, може дополнително да ја засили траумата. Затоа, неопходно е институциите да бидат обучени и подготвени за психолошки чувствителен одговор, и тоа не само во практична смисла, туку и во симболична. Спуштени знамиња, денови на жалост, јавни комеморации – сето тоа се алатки на колективно процесирање на загуба.

## Улогата на војската

Армијата има потенцијал да биде клучен фактор во поддршката на колективната психолошка отпорност. Нејзината структура, дисциплина и капацитет за логистичка поддршка ја прават суштински важна при справувањето со кризни ситуации. Но, улогата на Армијата не е само оперативна, таа е и симболична. Присуството на униформирани лица на местата на трагедии го сигнализира ангажманот на државата и грижата за заедницата. Исто така, неопходно е потребна психолошка поддршка внатре во системот, Воените психолози треба да бидат дел од секој процес на интервенција, како за поддршка на цивилното население така и за грижа за самите припадници. Во многу земји ваквиот пристап веќе е воспоставена практика. Психолошките тимови вршат евалуација, советување, па дури и психолошка едукација за командниот кадар, со цел да се препознае и навреме да се справи со траумата.

талнo здравје и колективната свест. Неопходно е да се создаде простор каде што се дозволува тага, се промовира емпатија и се поттикнува отпорност. Комеморативни активности кои не се само формални, туку се смислено организирани, исто така можат да имаат терапевтско дејство. На тој начин се создава чувство на заедништво и граѓаните не се чувствуваат осамено во својата болка.

Колективната траума не може да се избегне, но може да се менаџира. Нејзиното препознавање, адресирање и процесирање се клучни за заздравување на заедницата. Пожарот во Кочани е само еден пример за тоа како настан со ограничен просторен обем може да има национален психолошки ефект. Улогата на институциите, на медиумите, а особено на армијата, е клучна во овој процес.



## Колективна траума и заедничко сеќавање

Колективната траума не завршува со погребите и симболичните гестови. Таа живее во сеќавањата, во културната меморија и во секојдневните разговори. Начинот на којшто заедницата го структурира своето сеќавање, дали преку медиуми, споменици или образовни програми, влијае врз долгорочното ментално здравје и колективната свест.

При секоја криза, треба да се планира не само логистички и безбедносен одговор, туку и психолошки. Со тоа се градат поцврсти, поемпатични, посплотени и хомогени заедници, а колективната траума, наместо само како извор на болка, може да стане и поттик за трансформација, солидарност и општествена зрелост. ■



# МИКРОБИОЛОГИЈАТА ВО УЛОГА НА ЗАШТИТА НА ВОЕНОТО ЗДРАВСТВО



Пишува: др. Даниела Герасимовска

Важноста на микробиолошката контрола на водата и на храната има големо значење за здравствената состојба и превенција од појава на инфективни болести на припадниците на Армијата.

Лабораторијата за санитарна микробиологија при Воеромедицинскиот центар редовно ја следи микробиолошката исправност на водата за пиење од воените објекти и микробиолошката вредност на прехранбените продукти од кои се приготвуваат оброците за припадниците на Армијата.

Лабораторијата за санитарна микробиологија, која е составен дел на Одделението за микробиологија, е акредитирана лабораторија. Лабораторијата е акредитирана од ИАРСМ на 19.3.2014 година, што значи дека микробиолошките анализи на прехранбените продукти и на водата се изведуваат со акредитирани методи.

Лабораторијата, која е акредитирана од страна на ИАРСМ, мора да ги исполнува барања наведени во Македонскиот стандард за општи барања на компетентност на лабораatории за тестирање и калибрација МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и треба да изведува анализи по меѓународни стандарди кои обезбедуваат резултати од висок квалитет, заштеда, продуктивност и можност за мала грешка при анализи.

Со акредитацијата, пред сè, се овозможува доверба во резултатите од тестирањата и меѓународно признавање на резултатите од направените анализи.

Но, за обезбедување на квалитет на лабораториските резултати, покрај интерна контрола, потребна е и над-

ворешна оценка на квалитетот т.е. учество во меѓулабораториски испитувања (PT-шеми). Лабораториите во светот користат шеми на меѓулабораториски испитувања (Proficiency testing schemes – PT-шеми), со кои се врши екстерна контрола на резултатите од тестирањата и индиректно контрола на квалитетот на работата на лабораторијата. Учеството во PT-шемите се врши во согласност со стандардот ИСО/ IEC17025, кој бара резултати од екстерни меѓулабораториски испитувања. Нашата лабораторија учествува во PT-шеми кои се организирани од референтна лабораторија FEPAS (FoodExami nationPerformanceAssesmentscheme) и LEAP (Laboratory Enviromental Analysis Proficiency schemes). Организаторот на PT-шемите доставува примерок ( од храна или вода) и на доставениот примерок се прави идентификација и енумерација на дефинираниот параметар (Escherichia coli, Listeria monocytogenes, koliformni bakterii , Salmonella spp. и други бактерии).



Резултатите од испитувањата се праќаат до организаторот на PT-шемите, којшто подготвува извештај за испратените резултати. Резултатот од испитувањето се изразува во z-вредност, а таа z-вредност се пресметува како соднос на x- резултат на одделни лаборатории и X-доделена вредност, добиена во референтна лабораторија и стандардна девијација. Сите резултати кои имаат вредност на $z \leq 2$, се прифатливи и се цел на сите лаборатории кои учествуваат во меѓулабораториските испитувања.

Од 2013 до 2019 година, лабораторијата за санитарна микробиологија при Военомедицинскиот центар учествуваше во 4 меѓулабораториски испитувања: квалитативно испитување на 2 примероци од храна и 2 примероци на вода со вредност на резултати на z<1.

Во јули 2014 година, во доставениот прмерок на вода одредувавме број на колиформни бактерии и број на Escherichia coli во 100 мл вода.. Вредноста на резултатот за колиформни бактерии беше z-0,5, а вредноста на резултатот за Escherichia coli беше z-0,3, како второрангиран резултат во однос на добиените вредности на останатите 24 лаборатории од Европа кои учествувале во PT-шемите.

Во ноември 2019 година лабораторијата за санитарна микробиологија повторно учествуваше во екстерна меѓулабораториска контрола и ги добивме следниве вредности за резултатите: вредноста на резултатот за колиформни бактерии беше z-0,3 а вредноста на резултатот за Escherichia coli беше z-0,4. Овие резултати се високо рангирани во однос на останатите 27 лаборатории од Европа кои учествувале во PT-шемите.



## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ЛАБОРАТОРИЈАТА ЗА САНИТАРНА МИКРОБИОЛОГИЈА

Одделението за микробиологија е во состав на Одделот за превентивна медицина во Военомедицинскиот центар во Скопје. На Одделот работат двајца доктори-специјалисти по микробиологија, еден доктор по ветеринарна медицина, двајца медицински лаборанти и едно лице коешто ги мие лабораториските садови. Микробиолошките анализи се изведуваат во лабораториите за санитарна микробиологија, бактериологија, паразитологија и серологија. Преку микробиолошките анализи редовно и будно се следи состојбата за микробиолошка исправност на водата за пиење и на прехранбените продукти за подготовка на оброците за припадниците на Армијата. Примероците на вода се земаат од воените објекти кои се приклучени на градски водовод, локален воен водовод или цистерни. Прехранбените продукти кои се користат за подготвување на оброците за припадниците на Армијата се доставуваат од инспекторите од Секторот за логистика Лабораторијата за бактериологија



изведува микробиолошка анализа на фецес и брисеви од грло, од нос и од рацете на припадниците на Армијата кои работат во кујнскиот-трпезариски блок. Со редовна контрола на вработените во кујнскиот-трпезарискиот блок се делува превентивно против појава на алиментарни токсикоинфекции. По завршениот преглед, на припадниците на Армијата им се издаваат санитарни книшки со кои се потврдува способноста за работа во кујнскиот-трпезарискиот блок.

Не помалку значајна е и улогата на Лабораторијата за серолошка дијагностика каде што се вршат серолошки испитувања на припадниците на Армијата кои се упатуваат или, пак, се враќаат од воени мисии и од школувања во странство. Серолошките тестови кои се изведуваат се за испитување на антиген на ХИВ, антиген на хепатитис „Б", антитела за хепатитис „Ц" и РПР-тест за сифилис.

Главната цел на превентивната медицина и на микробиологијата е унапредување и одржување на здравјето и подготвеноста на припадницита на Армијата преку контрола, предлагање и преземање мерки за нивна заштита од заразни и незаразни заболувања и повреди. Сето ова е овозможено со средствата кои ни ги додели Министерството.

За квалитетот на водата за пиење („Сл.весник на Р.М" бр. 183 од 2.10.2018 г.) постојат начела за методи на микробиолошки параметри за испитување на водата за пиење. На пример, метода на микробиолошки параметри за ешерихија коли ( E.coli) и колиформни бактерии МКС EN ISO 9308-1. Според овој стандард, во водата за пиење не е дозволено присуство на ешерихија коли ( E.coli) и на колиформни бактерии. Овој стандард е имплементиран во нашата лабораторија и е еден од методите кои се акредитирани и се користат во секојдневната лабораториска анализа на водата за пиење, кои се доставуваат од различни објекти на Армијата .

Но, за обезбедување квалитет на лабораториските резултати е потребна интерна контрола и надворешна оценка на квалитетот т.е. учество во меѓулабораториски испитувања (PT-шеми). Подолго време лабораториите во светот користат шеми на меѓулабораториски испитувања (Proficiency testing schemes –PT-шеми), со кои вршат екстерна контрола на резултатите од тестирања, но воедно и на квалитетот на работата на лабораторијата. Учеството во PT-шеми е задолжително, во согласност со стандардот ИСО /IEC 17025, кој бара резултати од екстерни меѓулабораториски испитувања.

Сето ова е одличен индикатор за квалитетот на работата на микробиолошката лабораторија, односно за Лабораторијата за санитарна микробиологија со применетите стандарди за испитување на вода и на прехранбени продукти. Лабораторијата, со одличните резултати го потврдува својот квалитет на работа, а истовремено и квалитетот и компетентноста на персоналот. Сето ова претставува голема придобивка за Лабораторијата, бидејќи на тој начин се отстрануваат бариерите за меѓународно признавање на резултатите. ■




## Симулациска вежба „SEVEN STARS 2025"

Во Центарот за симулации во касарната „Алексо Демниевски-Бауман" во Велес, главниот штаб на СЕЕБРИГ, од 2 до 11 април 2025 година реализираше симулациска вежба на командно место „SEVEN STARS 2025". Во согласност со планот за организација и учество на вежби од меѓународен карактер, со целосна поддршка од Армијата на Република Македонија, вклучувајќи ја и Командата за обука и доктрини со своите капацитети, беше реализирана симулациска вежба на која учествуваа повеќе од 150 припадници на земјите членки на СЕЕБРИГ, како и лица-набљудувачи од НАТО. ■





# Спомен-костурницата на загинатите борци од НОВ во Велес



Антоанела Димитриевска

Спомен-костурницата во Велес е изградена во знак на сеќавање на партизаните кои се бореле за слободата на Велес и Македонија за време на НОБ.

Импозантниот и монументален споменик – Спомен-костурницата од Народноослободителната војна, е вечно почивалиште на 89 борци од Велес и Велешко, кои загинале за време на Втората светска војна од 1941 до 1945 година.

Овој споменик ја симболизира вековната борба на македонскиот народ. Идејата за формата претставува цвет на афион, кој расцветува и означува раѓање на нешто ново (од друга страна е присутна и асоцијацијата на распукан шлем – симбол на победениот фашизам). Автори на ова грандиозно архитектонско дело се Саво Суботин (инженер архитект) и Љубомир Денковиќ (академски вајар) од Нови Сад. Објектот започнал да се гради во 1976 година, а бил пуштен во употреба на 11 Октомври 1979 година. Истата таа 1979 година, на 9 Ноември, Денот на ослободување на Велес и Ден на градот од Алејата на партизанските гробишта на градската црква „Свети Пантелејмон“ во Велес, на еден величествен начин, пеш, младите на градот Велес ги пренеле посмртните останки на 89 борци од Велес и Велешко загинати во НОВ. Потоа, посмртните останки беа сместени во заедничка гробница, во просторија под централниот симбол на Спомен-костурницата „Расцутено дрво“.

Централно, во ентериерот на Спомен-костурницата е поставена скулптурата на расцветано дрво – симбол на слободата, а под неа се наоѓа криптата на борците. Скулптурата претставува дрво на животот и со самото будење и цутење на дрвото се симболизира раѓање на нов живот. По должината на ѕидовите, во внатрешноста лежи најголемиот мозаичен комплекс во Македонија од околу 220 м2. Внатрешното ликовно обликување е дело на академскиот сликар од Скопје, Петар Мазев, кој преку композиција од пет делови на мозаици ја претставил историјата на македонскиот народ, започнувајќи од перидот на Османлиите, па сè до 80-тите години на XX век.

Во Спомен-костурницата од НОВ, меѓу останатите борци почива и поетот и револуционер, основоположник на современата македонска поезија, Коста Солев-Рацин, познат во светот по својата стихозбирка „Бели мугри“ Во негова честм, во Велес се одржуваа традиционалните „Рацинови средби“, а токму во Спомен-костурницата од НОВ му се оддава почит и се одржува и дел од културните содржини со многу поезија и богата културно-уметничка програма.

Таа е и посетувана од многу домашни и странски гости и делегации, а најчесто ја посетуваат и децата, младите на бројните екскурзии, но ја посетуваат и повозрасните. Таа е репрезент на Велес со кој се гордеат велешани. Пред неколку години, со средства од Министерството за култура, Костурницата беше целосно реконструирана, а неодамна и повторно хортикултурно уредена, па нејзината околина со дрвореди клупи и цвеќе е пријатно катче за одмор и рекреација на сите граѓани. Во неа се одржуваат голем број на културни, ликовни, музички и други настани и модерни перформанси, а снимани се и многу музички спотови и документарни филмови. Спомен-костурницата од НОВ е во ингеренција на ЛУ Народен музеј од Велес. ■




# Достојна презентација на АРМ во Емен

Пишува: Борче Лозановски

Со седум натпреварувачи и уште двајца членови во експедицијата, македонската Армија беше дел од петтите Светски зимски воени игри, кои во периодот од 23 до 30 март се одржаа во Луцерн, Швајцарија.



Под мотото „Воени шампиони за мир“, повеќе од 1400 спортисти од 42 земји се натпреваруваа во различни дисциплини на терените во Енгелберг, Андермат, Гомс, Емен и Ванденсвил, а Македонија беше дел од трките во атлетика – крос-кантри. Под водство на шефот на делегацијата, потполковник Зоран Цветковски и на тренерот, мајор Емил Ангеловски, на патеките во близина на авиобазата во Емен, настапивме во три конкуренции – во машка, во женска и во мешана штафета.

Во конкуренцијата мажи-индивидуално, најдобар резултат забележа професионалниот вој-

## Скопје, домаќин на армискиот маратон во 2026 година

Македонската армија наредната година ќе биде исправена пред голем и значаен предизвик од повеќе аспекти. Имено, нашиот главен град, Скопје, е одреден за домаќин на Светското воено првенство во маратон.

Тоа го потврдува високото мислење кое Меѓународниот совет на воени спортови го има за нашата армија, што претставува особено задоволство, но и обврска, освен на спортски план, достојно да ја претставиме Македонија и на организационен план.



ник Милош Ранчиќ. Тој го освои 50-тото место (од 86 натпреварувачи), откако 10-те километри ги истрча за 40 минути и 29 секунди (6 минути зад победникот од Бахреин). На истата трка, капетанот Жан Тосев заврши 53-ти, а мајорот Игор Јакимовски 77-ми.

Овие резултати, на македонскиот состав во екипна конкуренција (Ранчиќ, Тосев и Јакимовски), ѝ го донесоа 18-тото место од 25 екипи (прва беше екипата на Танзанија).

Кај дамите, на трката на 8 километри најуспешна македонска натпреварувачка беше капетан Дијана Лапевска. Таа, низ целта мина како 47-ма (од 55 учеснички), со време од 44 минути и 42 секунди (14 минути побавно од победничката од Бахреин). Наредникот Марија Пеликон беше 48-ма, а водникот Марија Димеска педесет и втора.

Победник во тимска конкуренција беше Бахреин, а нашиот женски состав (Лапевска, Пеликон и Димеска) заврши на 12. позиција (од 13 екипи).

Конечно, во дисциплината мешана штафета крос-кантри (4 пати по 8 километри), каде што покрај Ранчиќ, Лапевска и Димеска, за македонската Армија 8 километри истрча и професионалниот војник Трајче Илијевски, го освоивме 23. место (од 25 екипи), а прва низ целта мина четворката од Бахреин.

Постигнатите резултати од нашите атлети се оценуваат како задоволувачки, со оглед на тоа што патеката во близина на авиобазата во Емен била многу лизгава, каллива, предизвикувачка од аспект на напор и барала вештина и техника од натпреварувачите.

Инаку, благодарение на поканата од Меѓународниот совет на воени спортови, Македонија од 2006 година е дел од Светските воени игри (CISM), каде што достојно се презентира нашата армија, спортот и се негува тимскиот дух, рамо до рамо со етаблирани светски имиња во спортот. ■







# “Момчето во пижами со риги”

„Момчето во пижами со риги” (оригинален наслов: “The Boy in the Striped Pajamas“) е филм од 2008 година, режиран од Марк Хермон, а се базира на истоимената новела на Џон Боен. Приказната се одвива за време на Втората светска војна и го претставува времето на холокаустот, прикажувајќи го ужасот од нацистичкиот логор за истребување.

Дејството се одвива преку приказната за две 8-годишни момчиња: Бруно, син на нацистички офицер и Шмуел, дете-Еврејче, заробено во концентрационен логор.

Филмот започнува со цитат од Џон Бетшеман: Детството се мери со звуци, мириси и погледи, пред да пристигне темниот час на разумот..

Момчето Бруно живее со своето семејство во Берлин, во нацистичка Германија за време на Втората светска војна. Неговиот татко Ралф дознава дека е унапреден и затоа семејството мора да замине. Бруно, заедно со Ралф, неговиот татко, мајката на Бруно, Елса, и сестрата Гретел се селат од Берлин во окупирана Полска. Бруно не е задоволен од новиот дом, бидејќи нема со кого да си игра и има многу малку работи за истражување. Но, и покрај сè, неговиот темперамент и потребата да види нови работи, ќе го однесат до некои куќи што наликуваат на фарма, што, всушност, е нацистички логор, но малиот Бруно не знаел за што станува збор. Тој побрзал да им каже на своите родители за тоа што го видел, при што тие му забраниле да си игра во задниот двор кој гледал кон логорот.

Бруно, кој не знае за вистинската природа на логорот, при своето истражување ќе го запознае Шмуел, дете-затвореник облечено во облека која му личела на пижами со риги. Тие двајца започнуваат секојдневно да се гледаат преку оградата на логорот и развиваат искрена и невина пријателска врска, која е адекватна за двете деца, и покрај различната околина и судбина.

„Момчто во пижами на риги” е моќен емотивен филм кој ги повикува гледачите да размислуваат за историските настани и нивните последици и за односите помеѓу луѓето. Поентата на филмот е да ги прикаже последиците од предрасудите, а исто така истражува и теми за големината на пријателството и неприфатената реалност на холокаустот. Фимот завршува со трагичен инцидент, што претставува потсетник на последиците од војната и на бесмисленоста на конфликтите.

Трагичниот крај остава длабоко втиснато чувство на тага и поттикнува размислување за доброто и за злото. Завршниот чин, кој е многу тажен, предизвикува длабоки размислувања за бруталноста на историјата и за неопходност од разбирање и прифаќање на другите. Оваа приказна не е само филм за детската невиност, туку и повик за мир, разбирање и сочувство во свет кој е крајно поделен. Филмот потсетува на важноста на човечките врски, дури и во најтешки времиња. ■

**Режија: Марк Херман, Сценарио: Марк Херман според романот Момчето во пижами со пруги од Џон Бојн**
**Продукција: Дејвид Хејман, Улога: Ејса Батерфилд, Џек Сканлон, Вира Фармига, Дејвид Тјулис,**
**Музика: Џејмс Хорнер, Жанр: Драма, Производство: Филмови Мирамакс, БиБиСи Филмови,**
**Датум на издавање: 28 август 2008 година (Карнеги филмски фестивал), Времетраење: 94 минути,**
**Земји: Обединетото Кралство Соединетите Американски Држави, Јазик: Англиски, Буџет: 12,5 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова

# УМЕТНИЦИТЕ И ВОЈНАТА



Крсто Хегедушиќ е хрватски сликар, основач, инспиратор и темел на идната хрватска школа на наивното сликарство кое ќе доживее светска слава и ќе биде забележано во бројни публикации во светската литература на ликовната уметност. Хегедушиќ е роден 1901 година во Петриња. Во 1920 година се запишал на Привремената висока школа за уметности и занаети (денешна Академија за ликовни уметности) во Загреб. После Втората светска војна Хегедушиќ бил назначен за редовен професор на Академијата за ликовни уметности, а во 1950 година ја добил титулата сликарски мајстор и станал шеф на мастер-работилница. Од 1971 до 1973 година работел на големиот циклус на мурали во Спомен-домот во Тјентиште. Сцените биле полни со трагични и тешки мотиви. Со ова докажал дека не е само сликар на идилични „рустични“ подравски сцени, туку дека е и автор којшто изразува бунт против злото. Починал во Загреб 1975 година.



Пишува: м-р Трајче Чатмов

**Христијан Тодоровски-Карпош**

**Роден во Куманово на 3 септември 1921 година . Загинал на 7 февруари 1944 година во Билјача, Прешевско — македонски комунист и истакнат македонски партизан од НОВ. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година.**



Оргинална фотографија од архивата на Диме Ратајковски